**ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ - КАВАДАРЦИ**

# И З В Е Ш Т А Ј

# ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВНИОТ СУД КАВАДАРЦИ ВО 2005 ГОДИНА

**<u>Кавадарци,   Јануари   2006 година</u>**

## С О Д Р Ж И Н А

## И.  ОБЕМ НА РАБОТА

## ИИ. ОСТВАРУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА НА СУДОТ ПО ОДДЕЛИ

### 1. КРИВИЧЕН  ОДДЕЛ

**а)  Истраги  и  истражни  дејствија**
**б)  Кривични предмети против полнолетни  лица**
**в)  Кривични предмети против малолетни лица**
**г)   Прекршочни предмети**
**д)  Извршување на санкциите (кривични и прекршочни)**
**ѓ)   Кривични замолници**

**е) Разни кривични предмети**

***- Разни  истражни дејствија и кривични предмети по уписник „КР„***
***- Одлуки на кривичниот совет***
***-  Условен   отпуст и прекин на казната***
***- Вонредно преиспитување и помилување со исклучок на БЗЗ***

### 2. ГРАЃАНСКИ  ОДДЕЛ

**<u>Спорни  граѓански предмети</u>**

**а)  Процесни  предмети**
**б)  Стопански  спорови**
**в)  Стечајни предмети**

**г)  Разни граѓански предмети**

***- Платни  налози***
***- Разни граѓански предмети по уписник „ Р„***
***- Повторување на граѓанската постапка***

### Неспорни  граѓански предмети

**а)  Вонпроцесни предмети**
**б)  Оставински  предмети**

**в) Здруженија на граѓани и фондации**
**г) Извршни предмети**
**д) Заверки**
**ѓ) Граѓански замолници**

## ИИИ. ПОЕДИНЕЧНИ РЕЗУЛТАТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И СУДИИТЕ ВО 2005 ГОДИНА

## ИВ.КВАЛИТЕТ НА РАБОТАТА НА СУДОТ

### КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

- Истражни предмети и кривични предмети
- Против малолетни лица
- Кривични предмети против
- Полнолетни лица
- Прекршочни предмети

### ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

- Процесни предмети
- Стопански предмети
- Стечајни предмети

### КВАЛИТЕТ ПО ВОНПРОЦЕСНИ, ОСТАВИНСКИ И ИЗВРШНИ ПРЕДМЕТИ

- Вонпроцесни предмети
- Оставински предмети
- Извршни предмети

## В.КВАЛИТЕТ НА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ

## ВИ. КАДРОВСКА СОСТОЈБА, МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА И ПРОСТОРНИ УСЛОВИ

## ВИИ. ОЦЕНКА ЗА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА ВО ТЕКОТ НА 2005 ГОДИНА СО ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТАТА ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД

## ВИИИ. ЗАВРШНА ОЦЕНА ЗА ЕФИКАСНОСТА И АЖУРНОСТА

## НА РАБОТАТА НА ОСНОВНИОТ СУД КАВАДАРЦИ И НА СУДИИТЕ ПООДЕЛНО ВО 2005 ГОДИНА

**ОСНОВНИОТ СУД ВО КАВАДАРЦИ**, како самостоен и независен државен орган и во 2005 година, во рамките на единствениот судски систем, ја вршеше судската власт судејќи врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот и ја обезбедуваше примената на правото и заштитата на човековите слободи и права.

Судот при тоа, ги штитеше слободите и правата на човекот и граѓанинот, како и правата на другите правни субјекти доколку тоа според Уставот беше во надлежност на Уставниот суд на Република Македонија.

Во остварувањето на својата функција особено внимаваше на укажувањето на правна помош помеѓу домашните судови и најодговорно постапуваше во давањето правна помош на странски судови согласно законот и меѓународните договори.

И оваа година посебен акцент беше даден на правото и обврската да за секој судија се обезбеди постојано стручно усовршување.

Со цел правилна примена на законите во сосодветните области, воедначување на судската практика и унапредување на методот на работа, на седниците на судските оддели се разгледуваа прашања од интерес за работите на сите совети, односно на тие што се во составот на одделите.

2005-та година, како јубилејна од установувањето на судството во Република Македонија, посебно ја одбележа издавањето на првата монографија *"60 години Основен суд Кавадарци"* што еден суд досега воопшто го има сторено, преку која беше претставен сопствниот развој, од настанувањето до денес. Преку монографијата на пошироката јавност и беа претставени сите судии кои ја вршеле судиската функција во Основниот суд Кавадарци, како и оние кои во моментов ја извршуваат таа одговорна функција, а беше дадена и една ретроспектива на постоењето на судот во Кавадарци низ разните општествено-политички односи. Монографијата прави обид врз основа на изборни документи и сознанија, да ги побара и пронајде оние елементи кои што биле од битно значење за конституирање на судскиот систем, посебно значајни за создавањето на првите судови во Тиквешијата.Монографијата на своите страници донесува кус историски

преглед и хронологија на позначајните настани од развојот на настанокот на судството односно од првите почетоци на судските органи во Тиквешијата па до денес.

Исто така за прв пат во Република Македонија, по повод денот на правосудството, Основниот суд Кавадарци изврши презентација на својата работа во текот на 2004 година, со што отпочна процесот на приближувањето кон граѓаните и транспарентноста во својата работа, што како слабост беше идентификувана во Стратегијата на Владата на Република Македонија за реформите во правосудниот систем.

## И. ОБЕМ НА РАБОТА

Во Основниот суд Кавадарци, од сите области од неговата надлежност од 2004 година останале нерешени 18.800 предмети. Во текот на 2005 година, се примени вкупно 25.079 предмети, па со заостатокот на нерешените предмети, во оваа извештајна година, вкупно во работа имало 43.879 предмети. Во текот на годината се решени 20.728 предмети, а останале нерешени 23.151 предмет.

Во споредба со претходната година, во 2005 година, вкупниот обем на работа во Судот, е зголемен за 6.853 предмет. Примени се 2.349 предмети помалку , а решени се 2.502 предмети повеќе во однос на 2004 година.

Имајќи го во предвид заостатокот на нерешени предмети од 2004 година и приливот во 2005 година, беше практично невозможно да се совлада годишниот прилив на предмети, така што заостатокот на нерешени предмети во однос на претходниот извештаен период е зголемен за 4.351 предмет.

- Во кривичниот оддел, од претходната година останале нерешени 8.520 предмети, и тоа: 13 истраги, 9 истражни дејствија, 69 кривични предмети према полнолетни лица, 5 кривични предмети против малолетни лица, 1.602 прекршочни предмети, 38 предмети за извршување на кривични санкции, 6.766 предмети за извршување на прекршочни санкции и 18 разни кривични предмети.

Во текот на 2005 година, во кривичниот оддел се примени вкупно 13.912 предмети и тоа: 76 истраги, 119 истражни дејствија, 244 кривични предмети против полнолетни лица, 32 кривични предмети против малолетни лица, 6.872 прекршочни предмети, 71 предмет за извршување на кривичните санкции, 5.357 предмети за извршување на прекршочни санкции, 1.122 разни кривични предмети и 19 кривични замолници.

Со заостатокот од нерешени предмети од 2004 година, во оваа извештајна година во кривичниот оддел вкупно во работа имало 22.432 предмети, од кои 89 истраги, 128 истражни дејствија, 313 кривични предмети против полнолетни лица, 37 кривични предмети против малолетни лица, 8.474 прекршочни предмети, 109 предмети за извршување на кривичните санкции, 12.123 предмети за извршување на прекршочните санкции, 1.140 разни кривични предмети и 19 кривични замолници.

Во текот на 2005 година, во овој оддел се решени 13.199 предмети, и тоа: 78 истраги, 118 истражни дејствија, 237 кривични предмети против полнолетни лица, 32 кривични предмети против малолетни лица, 7.314 прекршочни предмети, 73 предмети за извршување на кривични санкции, 4.193 предмети за извршување на прекршочни санкции, 1.135 разни кривични предмети и 19 кривични замолници.

На крајот од извештајната година останале нерешени 9.233 предмети, од кои 11 истраги, 10 истражни дејствија, 76 кривични предмети против полнолетни лица, 5 предмети против малолетни лица, 1.160 прекршочни предмети, 36 предмети за извршување на кривични санкции, 7.930 предмети за извршување на прекршочни санкции и 5 разни кривични предмети.

Во споредба со претходната година во овој оддел вкупниот обем на работа е зголемен за 2.294 предмети. Примени се 239 предмети помалку, а решени се 1.581 предмети повеќе.

Во оваа извештајна година, во кривичниот оддел, не е совладан годишниот прилив на предмети и тоа за 713 предмети, за кој број е зголемен бројот на нерешените предмети споредено со претходниот извештаен период. Во овој оддел зголемен е заостатокот на нерешените истражни дејствија за 1 предмет, кај кривични предмети против полнолетни лица за 7 предмети и кај предметите за извршување на прекршочните санкции и тоа за 1.164 предмети. Совладан е приливот и намален заостатокот на нерешени предмети кај истрагите за 2 предмети, кај прекршочните предмети за 442 предмети, кај предметите за извршување на кривичните санкции за 2 предмети и кај разните кривични за 13 предмети.

- Во граѓанскиот оддел, кај спорните предмети, од претходната година, останале нерешени вкупно 752 предмети, од кои 263 процесни предмети, 138 стопански спорови, 337 стечајни предмети и 14 разни граѓански предмети.

Во 2005 година, се примени 2.734 спорни граѓански предмети, и тоа: 803 процесни, 256 стопански , 308 стечајни предмети и 1.367 разни граѓански предмети, така што заедно со заостатокот од нерешените предмети од претходниот извештаен период, во овој оддел вкупно во

работа имало 3.486 предмети, од кои 1.066 процесни, 394 стопански, 645 стечајни и 1.381 разни граѓански предмети.

Во текот на 2005 година, решени се вкупно 2.790 предмети, и тоа: 699 процесни, 257 стопански спорови, 459 стечајни предмети и 1.375 разни граѓански, така што на крајот од годината останале нерешени вкупно 696 предмети, или 367 процесни , 137 стопански, 186 стечајни и 6 разни граѓански предмети.

Во споредба со претходната година, обемот на работа кај спорните граѓански предмети е зголемен за 114 предмети. Примени се 18 предмети повеќе, а решени се 10 предмети повеќе.

Во оваа област е совладан годишниот прилив на предмети и со тоа е намален заостатокот на нерешени предмети во однос на претходниот извештаен период за 56 предмети. Зголемен е само заостатокот на нерешените процесни предмети за 104 предмети, додека намален е заостатокот на нерешените стечајни предмети за 151 предмет, на стопанските спорови за 1 предмет и на разните граѓански за 8 предмети .

Во граѓанскиот оддел од неспорните предмети, од претходната година, останале нерешени 9.528 предмети, од кои 33 вонпроцесни , 80 оставински, 1 граѓанска замолница и 9.414 извршни предмети, од кои 8.667 општи и 747 стопански.

Во текот на годината се примени 8.433 предмети и тоа: 74 вонпроцесни, 315 оставински, 14 предмети за регистрација на здруженија на граѓани и фондации, 7.855 извршни предмети, 158 предмети за заверка и 17 граѓански замолници.

Заедно, со заостатокот на нерешени предмети од минатата година, во овој извештаен период во работа имало вкупно 17.961 неспорни граѓански предмети, од кои 107 вонпроцесни, 395 оставински, 14 за регистрација на здруженија на граѓани и фондации, 17.269 извршни предмети, 158 предмети за заверка и 18 граѓански замолници.

Во текот на 2005 година се решени 4.739 предмети, и тоа: 85 вонпроцесни, 282 оставински, 14 за регистрација на здруженија на граѓани и фондации, 4.183 извршни предмети, 158 заверки и 17 граѓански замолници, а останале нерешени 13.222 предмети и тоа 22 вонпроцесни, 113 оставински, 13.086 извршни предмети и 1 граѓанска замолница.

Во оваа област, во споредба со минатата година, вкупниот обем на работа е зголемен за 4.173 предмети. Примени се 2.164 предмети помалку и решени 479 предмети повеќе.

Во оваа област годишниот прилив на предмети не е совладан за 3.694 предмети, за кој број е зголемен заостатокот на нерешени предмети во однос на претходниот извештаен период. Совладан е приливот и намален заостатокот само кај вонпроцесните предмети и тоа за 11 предмети.

Примени се и решени 14 предмети за регистрација на здруженија на граѓани, 158 предмети за заверка. Не е совладан приливот и зголемен е заостатокот кај оставинските предмети за 33 предмети, кај извршните предмети за 3.672, а останал ист бројот на нерешените граѓански замолници како и претходната година.

Од изнесените податоци, видно е дека во Основниот суд Кавадарци во 2005 година не е совладан годишниот прилив на предмети и тоа за 4.351 предмет за кој број е зголемен заостатокот на нерешени предмети.

Ваквото зголемување на заостатокот на нерешени предмети пред се се должи на заостатокот на предмети од претходната година. Според статистичките показатели извештајната година е започната со 18.800 нерешени предмети што, со приливот од оваа година директно влијаеше на вкупниот обем на работа во 2005 година кој изнесуваше 43.879 предмети.

Ако кон тоа се додаде дека и оваа година не се успеа да се совлада вкупниот број на примени предмети, може да се добие одговорот зошто извештајната 2005 година е зголемен бројот на нерешени предмети и тоа за 4.351, во однос на претходната 2004 година. Приливот на предмети е намален во кривичниот оддел за 239 предмети и во неспорните граѓански предмети за 2.164, додека е зголемен за 54 спорни граѓански предмети или 2.349 предмети оваа извештајна година се помалку примени отколку претходната.

Во тој контекст, бројот на нерешените предмети е зголемен за 713 предмети во кривичниот оддел и за 3.694 во неспорните граѓански предмети, додека е забележано намалување на вкупниот број на нерешени предмети од спорните граѓански и тоа за 56.

Поединечно, приливот е совладан во истражните предмети, во разните кривични предмети, во прекршочните предмети, во предметите за извршување на кривични санкции, по кривичните замолници, во стопанските предмети, во стечајните предмети, во разните граѓански предмети, во вонпроцесните предмети, во предметите за основање на здруженија на граѓани и фондации, во заверките и граѓанските замолници.

Во сите останати области приливот на предметите не е совладан и дополнително е зголемен заостатокот на нерешените предмети.

И во оваа година, Судот даваше приоритет на решавање на старите предмети. На почетокот од 2005 година, во работа вкупно имаше 1.606 стари нерешени предмети од сите области, сметајќи ги и нерешените предмети од 2003 година, кои во оваа извештајна година се сметаат за стари предмети. На крајот од 2005 година, останале нерешени 1.024 стари предмети од сите области или во 2005 година, во Основниот суд Кавадарци се решени 582 стари предмети или 56,83 % од вкупниот број на стари нерешени предмети, односно 2,81% од вкупниот број на решени предмети се решени стари предмети.

# ИИ. ОСТВАРУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА НА СУДОТ ПО ОДДЕЛИ

## 1.КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

### а) Истраги и истражни дејствија

Во 2005 година, во Судот се примени 76 истраги, што е за 9 предмети повеќе од претходната година. Од 2004 година, останале нерешени 13 предмети или вкупно во работа имало 89 предмети.

Во 2005 година се решени 78 истраги, од кои 3 се за кривично дело за за кое е пропишана казна затвор над 10 години. Останале нерешени 11 предмети, што значи дека е совладан годишниот прилив и за 2 предмети е намален заостатокот од нерешени предмети.

Во споредба со минатата година се решени 3 истраги помалку.

Во текот на годината притвор во истрага е определен против 10 лица во 9 истражни предмети. Против 5 лица за кривично дело Убиство од

чл. 123 ст.1 од КЗ, против 2 лица за кривично дело Тешка кражба од чл.236 ст.1 т.1 КЗ, против 1 лице за кривично дело Тешка телесна повреда од чл.131 ст.4 в.в. ст.1од КЗ, против 1 лице за кривично дело Затајување од чл. 239 ст.4 в.в. ст.3 од КЗ и против 1 лице за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 ст.1 од КЗ. Притворот према сите обвинети траел по 30 дена.

По подигање на обвинението притвор е определен спрема 3 обвинети, така што спрема еден обвинет за кривично дело Убиство од чл. 123 ст. 1 од КЗ, спрема другиот обвинет за кривично дело Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 4 в.в. ст. 1 од КЗ и спрема третиот обвинет за кривично дело Тешка кражба од чл.236 ст.1 т.1 од КЗ и спрема сите притворот траел 30 дена.

Од решените 78 истражни предмети, постапката траела: до 1 месец по 34 предмети, над 1-3 месеци по 27 предмети, над 3-6 месеци по 8 предмети, и над 1 година по 9 предмети.

Во текот на 2005 година, немало стари нерешени истражни предмет, а и на крајот од годината не останале нерешени стари предмети. Сите 11 нерешени истраги се од 2005 година.

Просечно на ниво на Судот за 10,5 месеци работа се решавани по 7,43 истраги месечно, што би одговарало на 7,95 истраги месечно ако се земе предвид фактот дека се решени 3 истраги за кривично дело за кое е пропишана казна затвор над 10 години , а за кои дела при утврдувањето на исполнувањето на месечната норма се смета дека истата е остварена со решени 6 вакви предмети.

Во 2005 година, примени се 119 предмети за спроведување на истражни дејствија, што е за 36 примени предмети повеќе во однос на 2004 година. Со заостатокот од 9 предмети, вкупно во работа имало 128 предмети. Решени се 118 предмети, што е за 33 предмети повеќе од претходната година. Годишниот прилив на предмети е речиси совладан, а за 1 предмет е зголемен заостатокот на нерешени предмети.

Просечно се решавни по 11,24 истражни дејствија месечно, или вкупно истраги и истражни дејствија се решавани по 19 предмети месечно.

### б) Кривични предмети против полнолетни лица

Во 2005 година, се примени 244 кривични предмети против полнолетни лица, што е за 29 предмети повеќе во споредба од минатата

година. Со заостатокот од 69 нерешени предмети од претходната година, вкупно во работа имало 313 предмети. Вкупниот обем на работа е ист како и во претходната година.

Во извештајниот период се решени 237 предмети, што е за 7 предмети помалку одколку во претходниот извештаен период. Од решените предмети 4 се во совет од 5 - мина. Нерешени останале 76 предмети, или 7 предмети повеќе.

Годишниот прилив не е совладан за 7 предмети, за кој број е зголемен заостатокот од нерешени предмети. Од решениете 237 предмети, 204 предмети или 86,07% се решени со пресуда , од кои во совет од 5-мина 4 предмети или 1,96% од вкупниот број предмети решени со пресуда. Со запирање на постапката или на друг начин се решени 33 предмети или 13,93%.

Во просек на ниво на Судот се решавани 22,57 предмети месечно, што би одговарало на 24,19 решени предмети месечно, ако се има во предвид дека решените 4 предмети во совет од 5 - мина за кривични дела за кои е пропишана казна затвор над 10 години, при утврдувањето на месечната норма се смета дека истата е остварена со 4 вакви предмети.

Од решените 237 предмети постапката траела: по 12 предмети постапката траела до 1 месец, над 1до 3 месеци по 143 предмети, над 3 -6 месеци по 47 предмети, над 6 месеци - 1 година по 21 предмет и над 1 година до 3 години по 14 предмети.

Од дадените податоци за траењето на постапката јасно може да се види дека само во еден мал број на предмети и тоа 14 што претставува 5,91% од вкупниот број на решени предмети постапката траела над 1 година. Ако се има предвид дека е многу мал бројот и на стари нерешени предмети може да се заклучи дека кривичните предмети против полнолетните лица се решаваат ажурно со почитување на принципот на судење во разумен рок.

Како причини поради кои доаѓа до одолговлекување на постапката по одредени предмети најчесто се јавува недостапноста на обвинетиот, односно неможноста да му се изврши уредна достава.

Како други причини кои влијаат на должината на кривичната постапката се јавуваат и ненавремено изготвените вештачења од вештите лица, потребата од прибавување на докази од странски органи, неможноста на бранителите на обвинетите да присуствуаат на главниот претрес поради нивен ангажман во друг предмет и друго.

Во изминатата година треба особено да се нагласи извонредната соработка во пооделни предмети со припадниците на МВР и Интерпол, Јавното обвинителство и други органи.

Од донесените 204 пресуди со 11 обвинението е одбиено, исто толку пресуди се ослободителни, а 182 се осудителни.

Од решените 237 предмети, по 52 предмети постапката се водела за кривични дела против животот и телото, од кои 2 предмети за кривично дело Убиство од чл. 123 од КЗ и 1 за кривично дело Убиство од небрежност од чл126 од КЗ. Во 21 предмет постапката се водела за кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот, во 5 за кривични дела против честа и угледот, во 2 предмети за кривични дела против половата слобода и моралот, во 11 предмети за кривични дела против бракот, семејството и младината, а во 2 за кривични дела против здравјето на луѓето. Во 69 предмети постапката се водела за кривични дела против имотот, а во 6 предмети за кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството. Во 4 предмети постапката се водела за кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот, во 27 за кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај, во 15 предмети за кривични дела против службената должност, во 2 за кривични дела против правосудството, во 8 за кривични дела против правниот сообраќај и во 13 предмети за кривични дела против јавниот ред.

Во текот на 2005 година на кривично одговорните сторители им се изречени следниве санкции: на 55 обвинети лица им е изречена казна затвор, а према 4 обвинети е изречена парична казна, со тоа што во 1 предмет паричната казна е изречена како споредна казна.

Спрема 164 обвинети кои се огласени за виновни е изречена условна осуда, а на 9 обвинети им е изречена судска опомена.

Спрема 2 обвинети е изречена мерка на безбедност Задолжително психијатриско лекувања и чување во здравствена установа.

Во 2005 година завршени се 13 предмети во кои постапката се водела за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл. 353 од КЗ. По 6 предмети постапката е запрена со решение, во 1 предмет е донесена пресуда со која обвинението е одбиено, во 1 предмет обвинетиот е огласен за виновен и му е изречена условна осуда (1 година за 2 години), во 4 предмети е изречна казна затвор и 1 предмет е решен на друг начин, односно предметот е упатен на друг месно надлежен суд.

Во текот на 2005 година се водени 2 кривични постапки за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги,

психотропни супстанции и прекурсори од чл. 215 ст.1 од КЗ. И во двата предмета се донесени пресуди со кои обвинетите се огласени за виновни, со тоа што во едниот предмет на обвинетиот му е изречена казна затвор во траење од 1 година, а во другиот казна затвор во траење од 6 месеци.

Во текот на 2005 година е водена и 1 кривична постапка за кривично дело Недозволено држење на оружје или распрскувачки материи од чл.396 ст.1 од КЗ во која на обвинетиот му е изречена условна осуда (1 година за 2 години).

На почетокот од 2005 година, имало вкупно 11 стари нерешени предмети и тоа: 2 од 2001 година и 1 од 2002 година и 8 од 2003 година. Во текот на годината се решени 10 стари кривични предмети или 90,90% од старите предмети, и тоа 2 од 2001 година, 1 од 2002 година и 7 од 2003 година. Од нерешените стари предмети само 1 е од 2003 година.

Од останатите нерешени предмети 6 се од 2004 година и 69 од 2005 година.

### в) Кривични предмети против малолетни лица

Во 2005 година, се примени 32 кривични предмети против малолетни лица , што е за 9 предмети помалку во споредба со претходната година. Со заостаток од нерешени 5 предмети, во работа вкупно имало 37 предмети.

Вкупниот обем на работа е за 16 предмети помал од минатата година.

Во текот на годината се решени 32 предмети, што е за 16 помалку од претходната година, а останале нерешени 5 предмети. Годишниот прилив е апсолутно совладан .

По завршените 32 предмети донесени се следниве одлуки:

- Упатување во Воспитно - поправен дом по 3 предмети;
- Засилен надзор од социјалниот орган по 7 предмети;
- Засилен надзор од страна на родителите по 13 предмети;
- Запирање на постапката по 3 предмети и
- Запирање на подготвителната постапка по 6 предмети.

Во просек на ниво на Судот се решавани по 3,05 предмети месечно.

Од решените 32 предмети, постапката траела: над 1- 3 месеци по 23 предмети, над 3 - 6 месеци по 7 предмети, и над 6 месеци до 1 година по 2 предмети.

На почетокот на извештајната година, немало нерешени стари предмет.

Сите нерешени 5 предмети, се од 2004 година.

## г) Прекршочни предмети

Извештајната година Судот ја започна со заостаток од 1.602 предмети. Во текот на годината се примени 6.872 предмети, што е за 489 предмети повеќе од минатата година или вкупно во работа имало 8.474 предмети, што е за 125 предмети поголем обем на работа од претходниот извештаен период.

Во текот на годината се решени 7.314 предмети што е за 567 предмети повеќе од минатата година. Останале нерешени 1.160 прекршочни предмети.

Годишниот прилив на предмети е совладан за 442 предмети и за тој број е намален заостатокот од нерешените предмети.

Од вкупно решените 7.314 предмети, со пресуда се решени 6.374 предмет или 87,15%, а на друг начин се решени 366 предмети или 5%. Од вкупниот број на решени само 12 предмети се решени со запирање на прекршочната постапка поради настапување на застареност на прекршочното гонење, што претставува 0,16% од вкупниот број на решени предмети.

Од дадениот податок во претходниот пасус е очигледно дека е занемарлив процентот на предметите кои што се решени со запирање на прекршочната постапка поради настапување на застареност на прекршочното гонење. Притоа во овие предмети најчесто како обвинети се јавуваат лица кои имаат место на живеење на подрачје на други судови и каде доставата се врши преку пошта. Притоа при секоја достава се враќаат повратниците без да може да се утврди дали на обвинетиот му е извршена лична достава, поради што не се создаваат претпоставки на обвинетиот да му се суди во отсуство. Не се забележани случаи на застареност на прекршочното гонење по некој предмет поради субјективни причини или пропусти во работењето.

Од друга страна големиот број на решени предмети на друг начин и тоа за 307 повеќе во однос на претходната година, е резултат на големиот број на запрени постапки поради повлекувањето на барањето за поведување на прекршочната постапка од страна на подносителот или пак не постапувањето по барањето на судот во определениот рок да преземе одредени процесни дејствија поврзани со поднесоците.

По решените 7.314 предмети, постапката траела: до 3 месеци по 5.372 предмети, над 3 - 6 месеци по 1.394 предмети, над 6 - 12 месеци по 380 предмети, над 12 - 18 месеци по 160 предмети , над 18 месеци до 2 години по 1 предмет и над 2 години по 7 предмети.

Просечно на ниво на судот за 10,5 месеци се решавало по 696,57 предмети месечно, што е за околу 54 предмети повеќе од 2004 година.

На почетокот од извештајната година имало 71 стар нерешен предмет и сите датираат од 2003 година. Сите се решени во текот на 2005 година, така што на крајот од извештајната година не останал нерешен стар предмет од 2003 година.

Од вкупно нерешените предмети, 62 се од 2004 година, а 1.098 предмети од 2005 година.

**д) Извршување на санкциите (кривични и прекршочни)**

- Во 2005 година, во судот е примен 71 предмет за извршување на кривични санкции, па со заостатокот од 38 предмети од претходната година, вкупно во работа имало 109 предмети и сите се однесуваат за извршување на казна затвор.

Во текот на годината се извршени 73 предмети, а останале неизвршени 36 предмети, сите се за извршување на казна затвор.

Годишниот прилив е совладан за 2 предмети и за тој број е намален заостатокот од нерешени предмети.

Оваа година во споредба со претходната година, судот примал 6 предмети повеќе и се извршени 15 предмети помалку.

Од извршените предмети во текот на годината, 45 осудени лица сами се јавиле на издржување на казната со упатен акт или биле упатени на издржување на казната од притвор, 14 лица биле упатени на издржување по спроведена наредба за приведување, а 10 лица по распишана потерница.

Во 4 предмети настапила апсолутна застареност на извршувањето на казната.

По неизвршените судски одлуки, на 4 осудени лица им е доставен упатен акт, а за 26 лица се издадени наредби за издавање на потерница, од кои 8 осуденици се во странство, а 18 се кријат или се во бегство. На 6 лица им е одложено извршувањето на казната.

- Во текот на годината се поднесени 25 молби за одлагање на почетокот на издржувањето на казната затвор од кои 12 се одбиени, а 13 се усвоени. На сите осудени лица, по усвоените молби, почетокот на издржувањето на казната им е одложен за два до три месеци. Од усвоените 13 молби за одлагање на 7 осудени лица рокот на одлагањето им завршил во 2005 година, а на 6 осуденици одлагањето им завршува во 2006 година, кога треба да се јават на издржување на казната. Од усвоените молби, на 8 лица издржувањето им е одложено заради завршување на одредени започнати работи, а на 5 лица поради акутна болест на осуденикот.

- Во 2005 година, се примени 5.357 предмети за извршување на прекршочни санкции, а со заостатокот од неизвршените 6.766 предмети од претходната година, вкупно во работа имало 12.123 предмети.

Во текот на годината се извршени 4.193 предмети, од кои 1.112 предмети со парична казна, 596 предмети со замена на паричната казна во казна затвор и 978 предмети се решени на друг начин, односно со достава на предметите заради извршување на прекршочните санкции, на судовите надлежни според местото на живеалиштето на осудените лица. По 1.507 предмети настапила застареност на извршувањето на казната.

Од претходно изложеното се утврдува дека од вкупниот број на решени предмети за извршување на прекршочни санкции, по 35,94% од предметите дошло до настапување на застареност на извршувањето на санкциите, што е за 173 предмети повеќе од 2004 година. Со зголемениот прилив на прекршочни предмети па во таа смисла направениот распоред за работа за совладување на истиот, дојде до неколку кратно зголемување на решените прекршочни предмети, кои по нивната правосилност всушност се јавија како прилив на предмети за извршување на прекршочните санкции.

По сите овие предмети е постапувано на тој начин што до сите осудени лица се испраќаат веднаш покани да ја платат изречената парична казна. Меѓутоа процентот на осудените лица кои доброволно ја платиле казната, односно кои воопшто се одзвале на поканите од судот е многу мал.

Од овие причини против сите оние осудени лица кои не ја платиле паричната казна во определениот рок се донесуваат одлуки за нејзина замена со казна затвор и веднаш се доставуваат наредби за приведување до ОВР Кавадарци за упатување на овие лица на издржување на казната.

Меѓутоа, поради големиот број на вакви осудени лица ниту ОВР Кавадарци е во состојба во целост да постапи по сите доставени наредби за приведување, ниту пак Управата на Затвор Гевгелија со оглед на капацитетот на установата може да прими толкав број на осуденици.

Неретко се случува да ОВР Кавадарци во еден ден постапи по 10-ина наредби, но кога овие осудени лица ќе ги спроведе до Затворот Гевгелија на издржување на казната, таму не се во состојба да ги примат поради преполнетост на капацитетите, па осудениците се пуштаат. На овој начин застаруваат најголем дел од предметите.

За ваквата состојба на извршувањето на прекршочните санкции како и за други тековни проблеми, кривичниот оддел и седницата на судии на Основниот суд Кавадарци има повеќе пати расправано за што и е доставена Информација до Дирекцијата за извршување на санкциите при Министерството за правда, со молба за изнаоѓање на решение за надминување на проблемите, но до денес не е добиен одговор на таквото барање.

Исто така во месец март 2005 година е одржан состанок и со директорот на затворот Гевгелија, началникот на ОВР Кавадарци и командирите, во врска со сложениот проблем околу извршувањето на прекршочните санкции, што вроди со плод, така што е зголемен бројот на креветите определени во затворот за осуденици од Општина Кавадарци и со поголема ефикасност во постапувањето при извршувањето на наредбите за приведување на осудениците.

На крајот на извештајната година останале неизвршени 7.930 предмети, од кои 3.286 се од 2004 година и 4.644 од 2005 година, или 1.164 предмети повеќе од претходната година.

Во споредба со претходната година, се примени 689 предмети помалку, а извршени се 1.131 предмет повеќе. Годишниот прилив на предмети не е совладан за 1.164 предмети и за тој број е зголемен заостатокот на нерешени предмети.

## ѓ) Кривични замолници

Во 2005 година, судот примил 19 кривични замолници, и тоа 17 од домашни судови и 2 од странски органи , примена преку Министерството за правда на Република Македонија

Од претходната година не останале нерешени замолници, а решени се сите 19 замолница и тоа: 17 од домашни судови и 2 од странски органи.

Годишниот прилив на предмети е во целост совладан, така што на крајот од извештајната година не останале неудоволени кривични замолници.

Во споредба со минатата година примени се 2 замолници повеќе, а решени се ист број замолници.

## е) Разни кривични предмети

Во текот на 2005 година, примени се 1.122 разни кривични предмети, што е за 118 предмети помалку од претходната година. Со заостатокот од 18 предмети од претходниот извештаен период, вкупно во работа имало 1.140 вакви предмети.

Решени се 1.135 предмети што е за 110 предмети помалку од претходната година, а нерешени останале 5 предмети. Годишниот прилив е совладан за 13 предмети, за кои е намален заостатокот на нерешените предмети.

Разните кривични предмети се однесуваат:

- Разни истражни дејствија и кривични предмети по уписник ,,КР,,
- Одлуки на кривичен совет ,,КС,,
- Условен отпуст и прекин на казната ,, УОПК,,
- Помилување,
- Вонредно ублажување на казната,
- Вонредно преиспитување на правосилна пресуда и
- Повторување на кривичната постапка.

***Разни истражни дејствија и кривични предмети по уписник ,,КР,,***

Во текот на 2005 година, примени се и решени 960 вакви предмети што е за 105 предмети помалку од претходната година.

### *Одлуки на кривичниот совет*

Во текот на 2005 година, примени се 79 предмети, па со заостаток од 2 нерешени предмети од претходната година, вкупно во работа имало 81 предмет. Во текот на годината се решени сите 81 предмет и не останале нерешени предмети , така што годишниот прилив е совладан за 2 предмети, кои влијаеа да нема заостаток на нерешени предмети.

Во споредба со минатата година примени се 5 предмети повеќе и е решен 1 предмет повеќе.

Во 2005 година, се изјавени 15 жалби против решенијата на истражниот судија за спроведување на истрага и сите жалби се одбиени.

Поднесени се 2 жалби против решенија на истражниот судија за определување на мерката притвор, при што истите се одбиени.

Истражниот судија во 3 предмети изјавил неслагање до кривичниот совет со барањето на тужителот за спроведување на истрага по кои советот одлучил дека нема место за спроведување на истрага и ги прифатил изјавените неслагања. Против 2 решенија на кривичниот совет се изјавени жалби, но истите од страна на повисокиот суд се одбиени како неосновани.

До кривичниот совет се поднесени 36 приговори против обвинителни акти, кои кривичниот совет сите ги одбил.

Кривичниот совет во 7 предмети донел решение за продолжување на притворот за 30 дена, постапувајќи по предлог за продолжување на притворот или по службена должност ценејќи го постоењето на условите за продолжување на притворот согласно чл. 257 ст. 2 од ЗКП.

Во три предмети кривичниот совет ги одбил предлозите за продолжување на притворот и истиот го укинал.

Кривичниот совет одлучил и по 15 други предмети, а кои 7 се однесуваат на барања за бришење на осуда, а 8 за други меѓу кои и за барања за враќање на патна исправа.

### *Условен отпуст и прекин на казната*

Во 2005 година примени се 40 предмети за отпуштање од издржување на казната по основ на условен отпуст и 1 предмет за прекин

на издржување на казната или вкупно 41 УОПК предмет, што е за 4 предмети помалку во однос на претходната година. Советот одлучил по 42 молби за условен отпуст од кои 12 се одбиени, 29 се усвоени и 1 е отфлена. Советот одлучил и по 1 молба за прекин за издржување на казната при што истата ја отфрлил.

Во споредба со минатата, оваа извештајна година се одлучило по 1 предмет помалку. На крајот на извештајниот период не останале нерешени предмети, а годишниот прилив е совладан за 2 предмети и со тоа нема заостатокот на нерешени предмети.

### ***Вонредно преиспитување и помилување со исклучок на БЗЗ***

- Во 2005 година се примени 5 предмети за <u>вонредно ублажување на казната</u>, а со заостатокот од 3 нерешени предмети од претходната година, во работа вкупно имало 8 предмети.

Решени се 5 предмети, а нерешени останале 3 предмети. Врховниот суд на Република Македонија, по 4 предмети барањата ги одбил, а по 1 предмет постапката ја запрел поради тоа што на осудениот му било дозволено повторување на кривичната постпака.

Во споредба со претходната година примени се 4 предмети помалку и решени се 2 предмети помалку.

- Во 2005 година, се примени 8 предмети за <u>вонредно преиспитување на правосилна пресуда</u>, па со заостатокот од 4 предмети од претходниот извештаен период, вкупно во работа биле 12 предмети. Решени се сите 12 предмети и не останале нерешени предмети. Приливот на предметите е совладан и за 4 предмети, и со тоа нема заостатокот од нерешени предмети. По 10 предмети барањето било одбиено, а по 2 предмети усвоено.

- Во 2005 година, примени се 11 <u>молби за помилување</u>, па со нерешените 6 предмети од претходниот извештаен период, вкупно во работа имаше 17 предмети. Решени се 15 предмети, а останале нерешени 2 предмети. Молбите по 12 предмети се одбиени, по 1 предмет постапката за помилување е запрена поради тоа што осуденото лице е условно отпуштено од издржување на казната и 2 молби за помилување се усвоени.Во споредба со претходната година примен е еднаков број на молби, а решени се 5 предмети повеќе.

- Во 2005 година, примени се 18 барања за повторување на кривичната постапка, а со останатото 1 нерешено од минатата година, вкупно во работа имало 19 предмети.

Решени се сите 19 предмети и не останале нерешени предмети. По 13 предмети барањата се усвоени, а по 6 предмети барањата се отфрлени .

Во споредба со претходната година примени се 6 предмети помалку и решени се 7 предмети помалку. Годишниот прилив е совладан за 1предмет и со тоа нема нерешени предмети на крајот на извештајната година.

## 2.ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

### Спорни граѓански предмети

### а) Процесни предмети

Во текот на 2005 година, примени се 803 процесни предмети, од кои 112 се спорови од мала вредност. Со заостатокот од нерешени 263 предмети, вкупно во работа имало 1.066 предмети.

Во текот на годината се решени 699 предмети, од кои 84 се спорови од мала вредност. Останале нерешени 367 предмети.

Во споредба со претходната година, примени се 18 предмети повеќе и решени се 10 предмети повеќе. Вкупниот обем на работа во однос на претходната година е зголемен за 114 предмети.

Годишниот прилив не е совладан за 104 предмети, за кој број е зголемен заостатокот на нерешени предмети.

Од вкупниот број на решени 699 предмети: со пресуда се решени 522 предмети или 74,68% од вкупниот број на решени предмети, со судско порамнување се решени 74 предмети или 10,59%, и на друг начин се решени 103 предмети или 14,73%.

Просечно на ниво на Судот за 10,5 месеци се решавани по 66,57 предмети месечно.

По решените предмети постапката траела: од 1 до 3 месеци по 352 предмети, над 3- 6 месеци по 165 предмети, над 6 месеци-1 година по 121 предмети, и над 1 година по 61 предмети.

Од дадените податоци се утврдува дека од вкупниот број на решени предмети постапката траела над 1 година по 61 предмет што претставува

8,73% од вкупниот број на предметите. Како причини за одолговлекување на главната расправа но и на постапката во целина се следниве:

- Неплаќање на таксата за тужба што го успорува насрочувањето на ново примените предмети, бидејќи во таков случај се пристапува кон доставување на налог за плаќање на таксата, а на првото рочиште странката се опоменува дека предметот нема да биде земен во работа доколку не е платена таксата за тужба.

- Голем дел од поднесените тужби се неуредни односно не содржат се она што е потребно за да може да се постапува по истите што исто така ја успорува постапката поради превземање на дејствија за уредување на истите.

- Не доставувањето и не навременото доставување на доказите од странките често пати е причина за одлагање на рочиштето. Особено е присутна ситуацијата да на самите рочишта се доставуваат нови докази или пак се доставуваат докази, во не доволен број на примероци, па во такви случаи спротивната странка секогаш бара одлагање заради проучување на истите.

- Исто така една од главните причини за одлагање на рочиштата и пролонгирање на рочиштата е неуредната достава. Често пати се случува да од вратените доставници неможе да се утврди дали е извршена уредна достава, што особено важи за вршењето на доставата преку пошта кога на повратниците е напишано само образложение дека адресатот не побарал, без притоа да има информации за тоа дали е направено известување за подигање на пратката, согласно правилата за личната достава.

- Често откажување на полномошната и менувањето на полномошниците од страна на странките е една од причините што доведува до одлагање на рочиштата. Често се случува да и жалбите против одлуките бидат поднесени од адвокати кои не биле полномошници на странката во текот на постапката а притоа се поднесуваат без уредно полномошно.

- Особено негативна појава, а која доведува до одолговлекување на постапката е непрофесионалниот и неодговорен однос на одредени вешти лица кон довереното вештачење. Често се случува да вештите лица долг временски период не го изготвуваат писмениот наод и мислење, со што значително се одолговлекува постапката. Кон ова придонесуваат и странките со неуплаќањето на средствата со кои се покриваат трошоците на вештачењето и надоместокот за вештите лица.

- Особено во последниве неколку години е присутно и масовно неодзивање на поканите од судот од страна на сведоците, што исто така ги одлага рочиштата и бара превземање на соодветни мерки согласно ЗПП.

Според основот на спорот од решените 699 предмети 80 се за утврдување на сопственост, 34 за развод на брак, 120 работни спорови, 8 за неосновано збогатување, 154 надомест на штета, 240 за наплата на долг, 9 за утврдување на непостоење право, 7 за иселување од деловен простор, 5 за исполнување на договор и 4 за поништување на договор, 8 за раскинување на договор, 7 за утврдување право на наследување, по 3 предмети за поништување на решение и 3 за утврдување ништовност на договор и други.

На почетокот од извештајниот период имаше нерешени 158 стари предмети и тоа, до 1995 година 8 предмети од 1997 година 2 предмети, од 1998 година 2 предмети, од 1999 година 7 предмети од 2000 година 14 предмети од 2001 година 16 предмети, од 2002 година 36 предмети и од 2003 година 73 предмети.

На крајот од годината, останале нерешени 118 стари предмети и тоа до 1996 година 8 предмети, од 1997 година 1 предмета, од 1998 година 1, од 1999 година 5 од 2000 година 10 предмети, од 2001 година 13 предмети и од 2002 година 29 предмети и од 2003 година 51 предмети. При утврдувањето на бројот на старите нерешени предмети на крајот од 2005 година, прикажани се сите стари нерешени предмети, без оглед на тоа дали се прв пат не решени или се укинати и повторно влезени во работа, при што 77 се нерешени стари предмети кои се еднаш веќе укинати а 41 предмет се нерешени стари предмети по кои воопшто не е донесена одлука, па така се добива реална слика за вистинскиот број на старите нерешени предмети.

Од останатите нерешени предмети 41 се од 2004 година и 285 од 2005 година.

## б) Стопански спорови

Во 2005 година се примени 256 предмети по стопански спорови од кои 107 се спорови од мала вредност. Од претходната година останале нерешени 138 предмети, па вкупно во работа имало 394 предмети.

Решени се 257 предмети, од кои 96 спорови од мала вредност, а останале нерешени 137 предмети.

Во однос со претходната година примени се 30 предмети помалку и решени се 36 предмети помалку. Годишниот прилив е совладан за 1 предмет, за кој број е намален и заостатокот на нерешените предмети.

Од вкупно решените 257 предмети: со пресуда се решени 146 предмети или 56,81 % со судско порамнување се решени 34 предмет или 13,23 % и на друг начин се решени 77 предмети или 29,96 % од вкупниот број на решени предмети.

Просечно, на ниво на судот се решавани по 24,47 предмети месечно, сметано за 10,5 месеци.

По решените предмети, постапката траела: до 3 месеци по 108 предмети, над 3 - 6 месеци по 75 предмети, над 6 месеци - 1 година по 41 предмет и над 1 година до 3 години по 22 предмети, над 3 години по 11 предмети.

Кај предметите по стопанските спорови по 33 предмети постапката траела над 1 година што претставува 12,84% од вкупниот број на предмети.

Во поглед на причините за одолговлечувањето на постапката и одлагањето на рочиштата и кај постапките по стопанските спорови се јавуваат истите оние причини како и кај парничните предмети со одредени специфичности.

Така во поглед на доставувањето на доказите, иако заради економичност и целисходност на постапката уште со доставувањето на тужбата и поканата тужениот се задолжува да даде писмен одговор на тужбата и да приложи писмени докази, во најголем број случаи странките тоа не го почитуваат и писмениот одговор и доказите ги приложуваат на самата расправа, што предизвикува одлагање на рочиштата на барање на спротивната страна.

Кај постапките по стопанските спорови извесен бројот на предметите се со странски елемент, кај кои доставата се врши преку дипломатски пат преку Министерството за правда на Република Македонија што ги одолговлекува постапките. Меѓутоа, и кога е обиден ваков начин на достава често пати се враќаат известувања за неудоволени барања за доставување на поканите или пак истите се враќаат неуредно доставени.

Постојат и предмети во кои е потребно прибирање на докази од странски држави, па и во тој случј преку Министерството за правда е побарано прибирањето на доказите од страна на странски органи, па често или по нашите барања воопшто не е постапено или пак зо големо задоцнување, односно по денот за кога е закажана главната расправа, што директно влијае на одлагањето на предметите.

Според основот на спорот од вкупно 257 решени предмети во 2005 година се решени 198 предмети за наплата на долг 3 предмети за нарушено владение, 29 предмети за надомест на штета, 9 предмети за

утврдување парно на сопственост, 1 предмети за иселување од деловен или станбен простор, 8 предмети за раскинување на договор, 2 предмети за неосновано збогатување, 2 предмети за утврдување ништавност на нотарски акт и по 1 предмет, за исплата на регрес, 1 за укинување на извршност, 1 предмет за утврдување недопуштеност на извршувањето, 1 предмет за утврдување непостоење на правен основ и 1 предмет за враќање на ствари.

Што се однесува до старите предмети, на почетокот на извештајниот период имало 30 нерешени стари предмети, од кои 2 од 1996 година, 1 од 1999 година, 3 од 2000 година, 5 од 2001 годинаи 3 од 2002 година и 16 од 2003.

На крајот на извештајната година останале нерешени 13 стари предмети, и тоа 1 од 1999 година, 2 од 2000 година, 1 од 2001 година, 2 од 2002 година и 7 предмети од 2003 година. Значи, во текот на 2005 година, се решени 17 стари предмет или 56,67% од вкупниот број на стари предмети.

Од останатите нерешени предмети 16 се од 2004 година, а 108 од тековната година.

### в) Стечајни предмети

Во текот на 2005 година, се примени 308 стечајни предмети, додека од претходната година останале нерешени 337 предмети, така што вкупниот обем на работа изнесувал 645 предмети. Решени се 459 предмети а останале нерешени 186 предмети.

Во споредба со претходната година примени се 143 предмети помалку и решени се 250 предмети повеќе.

Годишниот прилив на предмети совладан е за 151 предмет, за колку е намален заостатокот на нерешени предмети.

Во решените стечајни предмети постапката по 181 предмети траела до 3 месеци, по 121 предмети над 3 - 6 месеци , над 6 - 12 месеци по 74 предмети, и по 76 предмети над 1до 3 години и над 3 години по 7 предмети.

Од решените 459 предмети постапката траела над 1 година по 83 предмети, што претставува 18,08%. Најчесто како причини за

одолговлекување на постапката се јавуваат водењето на други судски постапки, во кои како тужител се јавува стечајниот должник, а со цел остварување на одредени побарувања кои по тоа би биле дел од стечајната маса. Исто така за долгото траење на стечајната постапка придонесува исклучително тешката продажба на имотот на стечајниот должник, каде и по неколку спроведени јавни надавања не се јавуваат заинтересирани купувачи. Неусвојувањето на планот за реорганизација од страна на собранието на доверителите е исто така една од причините поради кои стечајните постапки долго траат, а во последно време како ваква причина се јавува и честото одложување на рочиштата од страна на Министерството за финансии на Република Македонија, кога тоа се јавува како подносител на предлогот за отварање на стечајна постапка.

Просечно на ниво на Судот се решавале по 43,71 предмети месечно.

На почетокот на извештајната година, имало нерешено 17 стари предмети и тоа 3 од 1996 година, 7 од 2000 година, 7од 2003 година..

На крајот од 2005 година, нерешени останале 6 стари предмети , и тоа 3 од 2002 година и 3 од 2003 година. Вкупно се решени 11 стари предмети или 64,71% од вкупниот број на стари предмети.

Од останатите нерешени предмети 64 се од 2003 година и 116 предмети се од тековната година.

## г) Разни граѓански предмети

Разните граѓански предмети се однесуваат на:

- Платните налози,
- Разните граѓански предмети по уписник ,,Р,,,
- Повторувањето на граѓанската постапка

### *Платни налози*

Во 2005 година се примени и решени 67 платни налози, така што на крајот од извештајната година не останале нерешени предмети.

Во споредба со минатата година, примени се и решени 44 предмети повеќе.

### ***Разни граѓански предмети по уписник ,, Р,,***

Во текот на 2005 година, примени се вкупно 1.292 разни граѓански предмети од кои 8 редмети за составување на тестамент, 1096 за издадени потврди, 29 за бришење на интабулации и 159 други предмети.

Во текот на годината решени се 1. 375 предмети а на крајот од извештајната година останале нерешени 6 предмети.

Во споредба со претходната година примени се и решени 172 предмети повеќе.

Просечно на ниво на Судот решавани се 123,04 вакви предмети месечно.

### ***Повторување на граѓанската постапка***

Во 2005 година примени се 8 предмети за повторување на парничната постапка од кои 3 во процесните предмети а 5 во стопанските спорови , па со заостатокот од 14 нерешени предмети вкупно во работа биле 22 предмети.

Решени се 16 а останале нерешени 6 предметии тоа 4 од процесните и 2 од стопанските предмети. .

Во споредба со претходната година примени се 7 предмети помалку а решени се 2 предмети повеќе. Приливот е совладан за 8 предмет за колку и е намален заостатокот од нерешени предмети.

## **Неспорни граѓански предмети**

### **а) Вонпроцесни предмети**

Во 2005 година, се примени 74 вонпроцесни предмети од сите видови што е за 5 предмети повеќе во споредба со претходната година. Со заостатокот од нерешените 33 предмети, вкупно во работа имало 107 предмети. Вкупниот обем на работа во споредба со претходната година, е помал за 6 предмети.

Решени се 85 предмети, што е за 5 предмети повеќе од претходната година. Останале нерешени 22 предмети. Годишниот прилив на предмети е совладан за 11, за колку е намален заостатокот од нерешени предмети.

Од вкупно решените 85 предмети, 9 предмети се за надомест на експорприран имот, 32 предмети се за уредување на меѓи и физичка делба а 44 се други вонпранични предмети.

Просечно на ниво на судот се решавани по 8,09 предмети месечно, сметано за 10,5 месеци.

Од решените предмети постапката траела од 1 до 3 месеци по 60 предмети, над 3-6 месеци по 9 предмети, над 6 месеци до 1 година по 2 предмети и над 1 година по 14 предмети.

Во почетокот на извештајната година имало 16 нерешени стари предмети, и тоа, до 1996 година 5 предмети , од 1998 година 3 предмети , од 1999 година 2 предмети, од 2001 година 1 предмет, 2 предмети од 2002 година и 3 предмети од 2003 година.

На крајот од извештајниот период останале нерешени 4 стари предмети и тоа 1 предмет до 1996 година, 1 предмет до 1999 година, 1 предмети од 2001 година и 1 предмет од 2003 година.

Во текот на 2005 година, се решени 12 стари предмети или 75 % од вкупниот број на стари предмети.

Од останатите нерешени предмети 2 се од 2004 година и 16 од 2005 година.

## б) Оставински предмети

Во 2005 година, се примени 315 оставински предмети што е за 77 предмети повеќе од минатата година, па со заостатокот од 80 нерешени предмети, вкупно во работа имало 395 предмети. Вкупниот обем на работа во однос на претходната година е поголем за 1 предмет.

Во текот на годината се решени 282 оставински предмети, што е за 32 помалку од минатата година. Годишниот прилив не е совладан за 33 предмети, за колку е зголемен и заостатокот од нерешени предмети.

Просечно на ниво на Судот, се решавни по 26,85 предмети месечно, сметано за 10,5 месеци..

На почетокот од извештајниот период останале 14 стари нерешени предмети и тоа 1 од 1996 година, 1 предмет до 1998 година , 3 предмети од 2000 година, 2 од 2001 годинаи , 1 од 2002 година и 6 од 2003 година.

Во 2005 година, се решени 10 стари предмети или 71,43 % од нерешените стари предмети, па така на крајот од годината останале 4 нерешени предмети и тоа од 2 од 2000 година, 1 од 2001 година и 1 предмет од 2002 година.

Од останатите нерешени предмети сите 109 предмети се од тековната година.

Од решените 282 предмети , постапката траела до 3 месеци по 245 предмети, над 3-6 месеци по 10 предмети, од 6-12 месеци по 15 предмети и над 1 година по 12 предмети.

### в) Здруженија на граѓани и фондации

Во текот на 2005 година примени и решени се 14 предмети за регистрација на здруженија на граѓани и фондации. Од претходната година немало нерешени предмети.

Во споредба со претходната година примени се 4 предмети помалку и решени се 5 предмети помалку.

### г) Извршни предмети

Во 2005 година се примени 7.855 извршни предмети од кои 7.268 општи и 587 стопански извршни предмети. Од претходната година останале

нерешени 9.414 предмети, така што вкупно во работа имало 17.269 предмети, од кои 15.935 општи предмети и 1.334 стопански.

Решени се 4.183 предмети, од кои 3.767 општи и 416 стопански, а останале нерешени 13.086 предмети, од кои 12.168 општи и 918 стопански.

Вкупниот обем на работа во споредба со минатата година бил зголемен за 4.121 предмет. Во спореда со претходната година примени се 2.303 предмети помалку, а решени се 449 предмети повеќе. Годишниот прилив не е совладан за 3.672 предмети и за тој број е зголемен заостатокот на нерешени предмети.

На ниво на Судот се решавани по 398,38 предмети месечно, сметано за 10,5 месеци.

На почетокот на годината судот имал 1.360 стари нерешени предмети. На крајот на извештајната година останале нерешени 878 стари предмети , што значи дека во 2005 година, се решени 482 стари предмети или 35,44 % од вкупниот број на нерешени стари предмети. Од останатите нерешени предмети 6.345 предмети се од 2004 година и 5.863 се нерешени предмети од 2005 година.

### д) Заверки

Во текот на 2005 година, се извршени 158 заверки, од кои 13 заверки на договор за доживотна издршка по уписник ,,ЗАВ Н Д,, 145 заверки на исправи наменети за употреба во странство, по уписник ,, ЗАВ Х,,.

### ѓ) Граѓански замолници

Во 2005 година, се примени 17 граѓански замолници, од кои 1 од домашни судови и 16 од странски органи преку Министерството за правда на Република Македонија.

Од претходниот извештаен период останала 1 неудоволена замолница, така што вкупно во работа имало 18 замолници.

Во тековната година се решени 17 замолници, од кои 1 е од домашни судови и 16 од странски органи, доставени преку Министерството за правда на Република Македонија. Останала неудоволена 1 замолница од странски органи.

Во споредба со претходната година примени и решени се ист број на замолници а решена е 1 замолница повеќе.

## ИИИ. ПОЕДИНЕЧНИ РЕЗУЛТАТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ

## И СУДИИТЕ ВО 2005 ГОДИНА

Поединечните резултати на Претседателот на судот и судиите во решавањето на предметите се следните:

**Јордан Дафков - судија**

Во периодот од 12.12.2001 година до 18.12.2005 година ја извршуваше функцијата Претседател на судот.

Претседател е на кривичниот совет и на советот за условни отпусти, а постапува и по предметите за извршување на кривичните санкции.

Како Претседател на кривичниот совет одлучувал по 63 предмети, а како Претседател на советот за условен отпуст по 43 предмети. Како Претседател на совет одлучувал по 18 предмети за повторување на кривичната постапка и постапувал по 5 предмети за вонредно ублажување на казната и по 14 предмети за помилување.

Постапил по 73 предмети за извршување на кривични санкции.

Решил 1 оставински предмет.

Решил 67 предмети по платни налози и 107 предмети за заверка на јавни исправи за употреба во странство по уписник ,, ЗАВ X,,.

Постапил по 1.035 разни кривични предмети по уписник ,, КР,,, како и по 453 разни граѓански предмети по уписник ,,Р,,.

Постапил по 72 претставки и одлучил по 50 барања за изземање на судии.

Просечно за 10,5 месеци решавал 13,62 предмети месечно, постапувајќи како претседател на кривичниот совет, на советот за условен отпуст и по предметите по вонредните правни лекови во кривичната постапка.

Месечно постапувал по 6,95 предмети за извршување на кривичните санкции.

Постапувал по 98,57 разни кривични предмети по уписник ,,КР,, и по 43,14 разни граѓански предмети по уписник ,,Р., месечно.

Учествувал на семинарот на тема Предизвикот на промените, од 07 до 09.04.2005 година во Хотел Холидеј Ин во Скопје, на семинарот на тема

Казнено право одржан во Охрид, учествувал на семинарот на Светска банка на 05.07.2005 година.

**ВД претседател на судот - судија, м - р Лазар Нанев**

Во периодот на 2005 година го заменува Претседателот во негово отсуство, а почнувајќи од 18.12.2005 година ја обавува функцијата ВД Претседател на Основниот суд Кавадарци.

Според распоредот за работа постапува по истражните предмети и во кривичните предмети против малолетни лица, како и по кривичните замолници. Постапувал и по извршните предмети .

Во 2005 година решил вкупно 76 истраги од кои три за кривично дело за кое е пропишана казна затвор над 10 години. Решил 99 истражни дејствија.

Решил 1 кривичен предмет против полнолетни лица со пресуда.

Решил 32 кривични предмети против малолетни лица, од кои 23 осудителни и 9 запрени или на друг начин.

Постапил по 19 кривични замолници и по 62 разни граѓански предмети по уписник "Р".

Решил 239 извршни предмети.

Просечно за 10,5 месеци работа решавал 7,24 истраги месечно што одговара на 7,76 истраги месечно ако се земе предвид дека решил 3 истраги за кривично дело, за кое е пропишана казна затвор над 10 години, и за која се смета дека со 6 решени вакви предмети е исполнета месечната норма. Решавал 9,43 истражни дејствија месечно како и 3,05 кривични предмети против малолетни лица месечно.

Просечно по сите овие предмети решавал по 20.24 предмети месечно.

Решавал 1,81 кривични замолници месечно.

Сметано за 1 месец решил 239 извршни предмети.

Одлучувал во 1 предмет по поднесена молба за помилување.

Учествувал на семинарот на тема Казнена политика одржан во Охрид, престојувал во САД во месец Мај 2005 година, учествувал на

семинарите на тема Алтернативни мерки, семинар на тема Правично судење одржани во Скопје, семинар на тема Судење во разумен рок одржан во Петровац на море- Црна Гора, семинар на тема Тортура одржан во Белград-Србија. Учествувал на работилницата Закон за мололетничка правда одржана во Скопје, работилница на тема Алтернативни можности на санкционирање во Струга и работилница на тема Раководење со судовите одржана во Скопје.

**Виолета Димитрова - судија**

Работи по предметите од кривичната материја, а со годишниот распоред во работа и се доделени и прекршочни предмети. Претседател е на кривичниот оддел.

Во текот на 2005 година, решила 118 кривични предмети против полнолетни лица, од кои со пресуда 103, во кои влегуваат и 4 пресуди во совет од 5-мина, а на друг начин решила 15 предмети.

Решила 3 кривични предмети од укинатите.

Решила 7 предмети по уважени барања за повторување на кривичната постапка.

Решила 7 истражни дејствија.

Решила 566 прекршочни предмети од кои 559 со пресуда и 7 на друг начин.

Постапила и по 1 предмет од разните граѓански предмети по уписник ,,Р,,.

Просечно за 10,5 месеци решавала по 11,24 кривични предмети месечно, што би одговарало на 12,48 предмети месечно, ако се има во предвид дека има решено 4 кривични предмети за кривични дела за кои е пропишана казна затвор над 10 години, а кои при утврдувањето на нормата се сметаат дека истата е остварена со 4 вакви предмети.

Со засметаните решени кривични предмети од укинатите, по повторување на постапката и истражни дејствија вкупно решавала по 14,19 кривични предмети месечно.

Сметано за 10,5 месеци просечно решавала по 53,90 прекршочни предмети месечно.

Со решените кривични и истражни предмети ја остварила месечната норма за 8,76 месеци, а со решените прекршочни предмети за 4,04 месеци, односно со решените предмети ја исполнила орентационата норма за вкупно 12,80 месеци.

Учествувала на семинар на тема Екстрадиција во периодот од 23 до 25.06.2005 година одржан во хотел Европа во Отешево.

**Стојан Бојков - судија**

Работи по предметите од кривичната материја, а со годишниот распоред му биле доделени и прекршочни предмети.

Во 2005 година решил 115 кривични предмети , од кои со пресуда 97, а 18 предмети решил на друг начин.

Решил 9 од укинатите предмети.

Решил 542 прекршочни предмети, од кои 540 со пресуда и 2 на друг начин.

Решил 2 истраги, од кои една за кривично дело за кое е пропишана казна затвор од 10 години и постапил по 4 истражни дејствија.

Просечно за 10,5 месеци решавал 10,95 кривични предмети против полнолетни лица месечно. Заедно со решените предмети од укинатите вкупно решавал просечно по 11,81 кривични предмети месечно.

Сметано за 10,5 месеци просечно решавал по 51,62 прекршочни предмети месечно.

Со решените кривични предмети и истраги месечната норма ја остварил за 7,52 месеци, а со решените прекршочни предмети за 3,87 месеци или вкупно со решените предмети ја исполнил ориентационата норма за 11,39 месеци.

Учествувал на семинар на тема Екстрадиција во периодот од 23 до 25.06.2005 година одржан во хотел Европа во Отешево.

**Николина Давчева - судија**

Работи по предметите од прекршочната материја а постапувала и по предмети за извршување на прекршочните санкции.

Во текот на 2005 година, вкупно решила:

-1.722 прекршочни предмети, од кои 1.540 со пресуда и 182 на друг начин.

-306 предмети за извршување на прекршочни санкции.

.

Просечно за 10,5 месеци решавала по 164 прекршочни предмети месечно, како и по 29,14 предмети за извршување на прекршочни санкции месечно.

Со решените прекршочни предмети ја остварила ориентационата норма за 12,3 месеци.

Како член на Кривичниот совет учествувала во донесувањето на одлуки во 13 предмети.

Учествувала на семинарот на тема Законот за кривичната постапка одржан од 09 до 10.06.2005 година во хотел Континентал во Скопје

**Мирјанка Томиќ-судија**

Работи на прекршочните предмети. Постапувала и по предмети за извршување на прекршочните санкции.

Решила 1.710 прекршочни предмети, од кои 1.645 со пресуда и 65 на друг начин.

Постапувала по 352 предмети за извршување на прекршочните санкции .

Како втор член на советот од 5-мина, учествувала во одлучувањето по 4 кривични предмети или 8 дена во годината.

Месечно за 10,5 месеци решавала по 162,86 прекршиочни и 33,52 предмети за извршување на прекршочните санкции месечно.

Со решените прекршочни предмети ја остварила ориентационата норма за 12,21 месеци.

Како член на Кривичниот совет учествувала во донесувањето на одлуки во 8 предмети.

**Лидија Ридова-судија**

Со одлука на Собранието на Република Македонија од 15.02.2005 година ја извршува функцијата судија. Со годишниот распоред за работа на Претседателот и судиите во Основниот суд Кавадарци доделени и се во работа прекршочни предмети и предмети за извршување на прекршочните санкции.

Во текот на 2005 година решила 1.319 прекршочни предмети од кои 1.240 со пресуда и 79 на друг начин.

Решила 3.535 предмети за извршување на прекршочни санкции.
Решила 1 кривичен предмет.

Решила 1 од укинатите кривични предмети.

Како втор член на кривичниот совет од петмина учествувала 2 дена во годината.

Како претседател на кривичниот совет одлучувала во 1 предмет при донесувањето одлука по жалба на решението на истражниот судија за спроведување на истрага.

Како член на Кривичниот совет учествувала во донесувањето на одлуки во 59 предмети.

Просечно за 9 месеци решавала по 146,56 прекршочни предмети и по 392,78 предмети за извршување на прекршочните санкции.

Со решените прекршочни предмети ја остварила ориентационата норма за 9,42 месеци.

Учествувала на семинарот на тема Жртви на насилство одржан во Битола во хотел Епинал од 05-07.04.2005 година, на семинарот на тема Семејно насилство одржан од 04-06.05.2005 година во Битола, хотел Епинал и на семинар во Маврово од 03-07.10.2005 година на тема Едукација на млади судии и во Крушево од 17-19.11.2005 година на тема Главната расправа според ЗПП.

**Елизабета Петковска-судија**

Работи по стечајните предмети како претседател на стечајниот совет, а со иззмените на годишниот распоред за работа постапува и по извршни предмети,

Решила 385 стечајни предмети.

Решила 1 процесен предмет на друг начин..

Постапила и по 389 граѓански предмети по уписник ,, Р,,.

Решила 132 извршни предмети.

Како втор член на советот од 5-мина судии одлучувала по 1 кривичен предмет за кривично дело за кое е пропишана казна затвор над 10 години или 3 работни дена.

Просечно за 10,5 месеци решавала по 36,67 стечајни предмети месечно.

Како член на Кривичниот совет учествувала во донесувањето на одлуки во 10 предмети.

Како стечаен судија во стечајниот совет во кој претседател е судијата Драгица Митрева, учествувала во донесувањето на одлуки по 74 предмети.

Учествувала на семинарот на тема Законот за парнична постапка одржан во Скопје, Хотел Холидеј Ин од 20,21 и 22 .10.2005 година.

**Драгица Митрева-судија**

Работи по предметите по стопански спорови, процесни и вонпроцесни предмети. Постапува и по стечајни и прекршочни предмети. Од 01.09.2005 година е претседател на вториот стечаен совет.

Во текот на 2005 година, решила 65 процесни предмети , од кои 51 со пресуда, 3 со спогодба и 11 на друг начин.

Решила 58 предмети по стопански спорови , од кои 36 со пресуда, 8 со спогодба и 14 на друг начин.

Решила 22 од укинатите процесни-стопански предмети и 1 предмет за повторување на постапката.

За 3,5 месеци решила 74 стечајни предмети.

Решила 3 вонпроцесни предмети.

Постапила и по 24 разни граѓански предмети по уписник ,,Р,, и по 5 предмети за заверка на јавни исправи за употреба во странство по уписник ,, ЗАВ Х,,.

Решила и 2 оставински предмети.

За 4 месеци решила 384 прекршочни предмети и тоа 383 со пресуда и 1 на друг начин..

Просечно за 10,5 месеци работа решавала по 6,19 процесни предмети месечно и 5,52 стопански предмети месечно или вкупно 11,71 вакви предмети месечно. Сметано заедно со решените укинати процесни и стопански предмети како и решените вонпарнични предмети, просечно решавала по 14,09 вакви предмети месечно.

Просечно за 3,5 месеци решавала 21,14 стечајни предмети.

Просечно за 4 месеци решавала по 96 прекршочни предмети.

Со решените предмети од граѓанската област, судијата ја остварила орентационата норма за 5,8 месеци, а со решените прекршочни предмети за 2,74 месеци, со тоа што вкупно по двете области ја остварила ориентационата норма за 8,54 месеци.

Како член на Кривичниот совет учествувала во донесувањето на одлуки во 2 предмети.

Во стечајниот совет во кој Претседател е судијата Елизабета Петковска како стечаен судија учествувала во донесувањето на одлуки во 195 предмети

Учествувала на семинарот на тема Законот за трговски друштва одржан на 10.03.2005 година во Апелациониот суд Скопје.

**Нада Белевска-судија**

Работи по процесните предмети, а постапува и по определен број на предмети по стопански спорови. Постапува и по предметите за

обезбедување на докази во вонпроцесната постапка. Во работа и е доделен и определен број прекршочни предмети.

Решила 74 процесни предмети, од кои 54 со пресуда , 13 со спогодба и 7 на друг начин.

Решила 17 стопански предмети, и тоа 9 со пресуда, 1 со спогодба и 7 на друг начин.

Решила 37 од укинатите процесни- стопански предмети.

Решила 1 предмет по барање за повторување на парничната постапката.

Решила 3 вонпроцесни.

Решила 732 прекршочни предмети, од кои 729 со пресуда и 3 на друг начин.

Просечно за 10,5 месеци решавала по 7,05 процесни предмети и 1,62 стопански спорови месечно или вкупно 8,67 вакви предмети месечно. Заедно со решените процесни и стопански предмети од укинатите, со решените предмети за повторување на постапката и со решените вонпроцесни предмети месечно решавала по 12,57 предмети.

Решавала просечно 69,71 прекршочни предмети месечно.

Со решените предмети од граѓанската област ја остварила орентационата норма за 5,16 месеци а со решените прекршочни предмети за 5,22 месеци, или вкупно остварила ориентациона норма за 10,38 месеци.

**Трајана Дуброва-судија**

Работи по предметите по стопанските спорови, а постапува и по процесни предмети. Постапува и по определен број на прекршочни предмети.

Решила 91 стопански предмети, од кои 56 со пресуда, 12 со спогодба и 23 на друг начин.

Решила 71 процесен предмети и тоа 56 со пресуда, 9 со спогодба и 6 на друг начин.

Решила 40 од укинатите процесни-стопански предмети.

Решила 3 предмети по барање за повторување на постапка по стопански спорови.

Решила 7 вонпроцесни предмети, 3 разни граѓански предмети по уписник ,,Р,,.

Решила 68 прекршочни предмети, од кои 56 со пресуда а 12 на друг начин.

Просечно за 10,5 месеци решавала 8,67 стопански предмети месечно, и 6,76 процесни предмети месечно или вкупно решавала по 15,43 од овие предмети месечно.

Сметано заедно со решените од укинатите процесни и стопански предмети, како и со решените вонпроцесни предмети решавала 20,19 предмети месечно.

Решавала просечно за 10,5 месеци по 6,48 прекршочни предмети месечно.

Со решените граѓански предмети остварила ориентациона норма за 8,2 месеци, а со решените прекршочни предмети за 0,49 месеци, или вкупно остварила ориентациона норма за 8,69 месеци

Како член на Кривичниот совет учествувала во донесувањето на одлуки во 2 предмети.

Учествувала на семинарот на тема Законот за парнична постапка.

**Милан Николов-судија**

Работи по процесните предмети, како и по предметите за обезбедување на докази во вонпроцесна постапка. Постапува и по определен број на прекршочни предмети.

Во текот на 2005 година решил 116 процесни предмети од кои 98 со пресуда, 7 со спогодба и 11 на друг начин.

Решил 8 стопански предмети, од кои 4 со пресуда,1 со спогодба и 3 на друг начин.

Решил 74 од укинатите процесни предмети.

Решил 3 предмети за повторување на граѓанската постапка.

Решил 4 вонпроцесни предмети и 1 оставински предмет.

Решил 1 кривичен предмет.

Спровел 8 истражни дејствија.

Решил 22 прекршочни предмети, од кои 16 со пресуда и 6 предмети на друг начин.

Просечно за 10,5 месеци решавал 11,05 процесни и 0,76 стопански предмети месечно, или вкупно решавал по 11,81 предмет месечно. Вкупно сметано со решените, вонпроцесни и решените укинати процесни предмети просечно решавал по 19,42 предмети месечно.

Со решените предмети од граѓанската област ја остварил орентационата норма за 8,04 месеци, а со решените прекршочни за 0,16 месеци, или вкупно е остварена ориентациона норма за 8,2 месеци.

Учествувал на семинарот на тема Законот за парнична постапка.

**Нада Пендева-судија**

Работи по предметите од стопанската и процесната материја. Постапува и по определен број на прекршочни предмети.

Во текот на 2005 година, решила 83 стопански предмети и тоа 41 со пресуда, 12 со спогодба и 30 на друг начин.

Решила 71 процесни предмети, од кои 59 со пресуда, 8 со спогодба и 4 на друг начин.

Решила 44 од укинатите процесни-стопански предмети.

Решила и 2 предмети по барање за повторување на граѓанската постапка.

Решила и 2 вонпарнични предмети и постапила по 2 разни граѓански од уписникот "Р"..

Решила 72 прекршочни предмети, сите со пресуда.

Просечно решавала за 10,5 месеци, по 7,90 стопански предмети месечно и 6,76 процесни предмети месечно. Вкупно решавала по 14,66 вакви предмети месечено. Вкупно со решените укинати процесни и стопански предмети, со решените вонпарнични решавала 18,95 вакви предмети месечно.

Просечно сметано за 10,5 месеци решавала по 6,86 прекршочни предмети месечно.

Со решените граѓански предмети ја остварила орентационата норма за 7,88 месеци, а со решените прекршочни предмети за 0,51 месеци или вкупно остварила ориентациона норма за 8,39 месеци.

Учествувала на семинарот за Законот за парнична постапка.

**Лилјана Ситниковска-судија**

Работи по процесните предмети, а е член и на стечајниот совет. Постапува и по вонпроцесни предмети за обезбедување на докази. Во работа и се доделени и определен број извршни и прекршочни предмети.

Во 2005 година, решила 140 процесни предмети, од кои 102 со пресуда, 6 со спогодба и 32 на друг начин.

Решила 40 од укинатите процесни предмети.

Решила 2 предмети по барање за повторување на граѓанска постапка.

Решила 1 вонпарничен предмет и постапила по 47 разни граѓански предмети по уписник ,,Р,,.

Решила 40 прекршочни предмети,сите со пресуда.

Решила 356 извршни предмети.

Просечно за 10,5 месеци, решавала по 13,33 процесни и по 3,81 прекршочен предмет месечно. Заедно со решените од укинатите,

вонпарничните и повторување на постапката решавала по 17,33 предмети месечно.

Просечно за 3,5 месеци решавала по 101,71 извршен предмет месечно.

Со решените предмети од граѓанската област ја остварила ориентационата норма за 7,28 месец, а со решените прекршочни предмети за 0,28 месеци, со извршните предмети за 2,09 месеци или вкупно со решавање на овие предмети остварила ориентациона норма за 9,65 месеци.

Како член на Кривичниот совет учествувала во донесувањето на одлуки во 20 предмети.

Во стечајниот совет во кој претседател е судијата Елизабета Петковска како член учествувала во донесувањето на одлуки во 189 предмети.

Учествувала на регионалниот семинар на тема Човекови права одржан во хотел Арка во Скопје, на семинар на тема Човекови права, слобода и изразување и право на медиуми одржан во Петровац на море Црна Гора, на семинар на тема Како до подобар Закон за слободен пристап на информации и како до негова подобра примена одржан во котел Континентал во Скопје и на семинарот на тема Новиот Закон за парнична постапка одржан во хотел ,,Арка,, во Скопје.

**Љубинка Костадинова-судија**

Постапува по процесни предмети. Постапува и по предметите за обезбедување на докази во вонпроцесната постапка. Член е на стечајниот совет и стечаен судија.

Решила 161 процесни предмети, од кои 102 со пресуда, 28 со спогодба и 31 на друг начин. Решила и 41 од укинатите процесни предмети.

Решила 4 вонпроцесни предмети и по 24 разни граѓански предмети по уписник ,,Р,,.

Решила 4 предмети по барање за повторување на граѓанската постапка.

Решила 9 прекршочни предмети на друг начин.

Како член на стечајниот совет и стечаен судија учествувала во донесувањето на одлуките по 458 стечајни предмети.

Просечно за 10,5 месеци, решила 15,33 процесни предмети месечно.

Вкупно заедно со решените од укинатите процесни, повторување на граѓанската постапка и решените вонпроцесни предмети решавала по 20 предмети месечно.

Со решените предмети од граѓанската област ја остварила орентационата норма за 8,24 месеци, а со решените прекршочни предмети за 0,06 месеци, или вкупно остварила ориентациона норма за 8,30 месеци.

Како член на кривичниот совет учествувала во донесувањето на одлуки во 1 предмет.

Како член во стечајниот совет во кој претседател е судијата Драгица Митрева, учествувала во донесувањето на одлуки по 74 предмети.

Во стечајниот совет во кој претседател е судијата Елизабета Петковска како стечаен судија учествувала во донесувањето на одлуки во 189 предмети , односно како член на стечајниот совет во 195 предмети.

Учествувала на регионалниот семинар на тема Човекови права одржан во хотел Арка во Скопје, на семинар на тема Човекови права, слобода и изразување и право на медиуми одржан во Белград Република Србија, на семинар на тема Како до подобар Закон за слободен пристап на информации и како до негова подобра примена одржан во котел Континентал во Скопје и на семинарот на тема Новиот Закон за парнична постапка одржан во хотел ,,Арка,, во Скопје

**Ленча Делипетрова - Атанасовска-судија**

Постапува по сите вонпроцесни и оставински предмети, како и по предметите за регистрација на Здруженија на граѓани и фондации.

Во 2005 година, решила 60 вонпроцесни предмети, од кои 8 за надомест за експроприран имот, 32 предмети за уредување на меѓи и физичка делба и 20 други вонпроцесни предмети. Решила и 2 од укинатите вонпросецни предмети.

Решила 14 предмети за регистрација на граѓани и фондации.

Решила 277 оставински предмети.

Постапила по 283 разни граѓански предмети по уписник ,,Р,,.

Постапила по 13 предмети за заверка на договор за доживотна издршка.

Решила 128 прекршочни предмети, сите со пресуда.

Просечно за 10,5 месеци решавала по 5,71 вонпроцесни предмети месечно. Решавала по 26,38 оставински предмети месечно, по 1,33 предмети за регистрација месечно. Вкупно за 10,5 месеци решавала по 33,42 од овие предмети месечно.

За 10,5 месеци решавала по 12,19 прекршочни предмети месечно.

**Ристо Петков-судија**

Постапува по извршните предмети , како и по граѓанските замолници.

Во текот на 2005 година решил 1.892 извршни предмети, што значи дека просечно за 10,5 месеци решавал по 180,19 предмети месечно.

Постапил по 17 граѓански замолници и по 31 заверка.

Со решените извршни предмети ја остварил ориентационата норма за 11,12 месеци.

**Зоран Јосифовски-судија**

До 14.02.2005 година ја обавува функцијата Раководител на сектор-Секретар на судот. Со одлука на Собранието на Република Македонија избран е за судија на 15.02.2005 година и со годишниот распоред за работа доделени му се извршни предмети.

Член е на кривичниот совет.

Решил 2 кривични предмети.

Како претседател на кривичниот совет постапил во 11 предмети при донесување одлука по приговор против обвинителниот акт.

Како претседател на совет одлучил по 1 предмет за повторување на кривичната постапка.

Како член на кривичниот совет учествувал во донесувањето на одлуки во 47 предмети.

Во текот на 2005 година решил 1.564 извршни предмети, што значи дека просечно за 9 месеци решавал по 173,78 предмети месечно.

Со решените извршни предмети ја остварил ориентационата норма за 9,2 месеци.

Учествувал на следните семинари: Во месец Април 2005 година во хотел Холидеј Ин Скопје на тема Судско административна конференција; во месец Јуни 2005 година во хотел Милениум Палас Охрид семинар на тема Ориентација на нови судии; во месец Октомври 2005 година во хотел Континентал во Скопје на семинар на тема Право на Европската унија и во месец Декември 2005 година во хотел Холидеј Ин во Скопје, семинар на тема Закон за извршување.

# ИВ.КВАЛИТЕТ НА РАБОТАТА НА СУДОТ

## КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

### Истражни предмети и кривични предмети
### Против малолетни лица

По вкупно решените 76 истражни предмети изјавени се 15 жалби против решението на истражниот судија за спроведување на истрага и 2 жалби против решението за определување на притвор, што претставува 22,36 % од вкупно решените предмети. Сите жалби од страна на кривичниот совет се одбиени.

Истражниот судија во 3 предмети изјавил неслагање со барањето на тужителот, за спроведување на истрага. Кривичниот совет во сите три предмети го прифатил изјавеното неслагање.

Во тековната година решени се 32 предмети против малолетни лица и по истите нема обжалени одлуки.

### Кривични предмети против
### Полнолетни лица

Од вкупно решените 237 кривични предмети, обжалени - вратени од второстепениот суд се 76 предмети или 32,1%.

При тоа второстепениот суд ги донел следниве одлуки:

- Ги потврдил одлуките по 64 предмети или 84,2%.

- Ги укинал одлуките по 10 предмети или 13,2%,

- Ги преиначил одлуките по 2 предмети или 2,6%.

Во споредба со претходната година, намален е бројот на обжалени вратени одлуки од второстепениот суд и тоа за 17 предмети, а зголемен е процентот на укинатите одлуки за 0,8%.

### Прекршочни предмети

Од вкупно решените 7.314 прекршочни предмети, обжалени - вратени од второстепениот суд се 464 предмети или 6,3%.

Притоа второстепениот суд ги донел следниве одлуки:

- Ги потврдил одлуките по 335 предмети или 72,2%.

- Ги укинал одлуките по 58 предмети или 12,5%.

- Ги преиначил одлуките по 71 предмет или 15,3%.

Во споредба со претходната година намален е бројот на обжалените вратени предмети, и тоа за 59 предмети, а процентот на укинати одлуки е зголемен за 0,1 %.

## ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

### Процесни предмети

Од вкупно решените 699 процесни предмети , обжалени-вратени од второстепениот суд се 374 предмет , или 53,5%.

Притоа второстепениот суд ги донел следниве одлуки:

- Ги потврдил одлуките по 213 предмети или 57%,

- Ги укинал одлуките по 146 предмети или 39%,

- Ги преиначил одлуките по 15 предмети или или 4%.

Во споредба со претходниот извештаен период зголемен е бројот на обжалени и вратени предмети и тоа за 23 предмети, а зголемен е и процентот на укинатите одлуки за 7,4%.

### Стопански предмети

Од вкупно решените 257 предмети по стопански спорови , обжалени- вратени од второстепениот суд се 89 предмети или 34,6%.

Второстепениот суд ги донел следниве одлуки:

- Ги потврдил одлуките по 62 предмети, или 69,7%,

- Ги укинал одлуките по 27 предмети или 30,3%,

- Преиначени одлуки нема.

Во споредба со минатата година, намален е бројот на обжалените одлуки, кои се вратени и тоа за 51 предмет, а процентот на укинатите одлуки е зголемен за 0,3%.

### Стечајни предмети

По вкупно решениете 459 стечајни предмети нема обжалени одлуки..

## КВАЛИТЕТ ПО ВОНПРОЦЕСНИ, ОСТАВИНСКИ И ИЗВРШНИ ПРЕДМЕТИ

### Вонпроцесни предмети

Од вкупно решените 85 вонпроцесни предмети, обжалени и вратени од второстепениот суд се 14 предмети или 16,5%.

Второстепениот суд ги донел следните одлуки:

- Ги потврдил одлуките по 9 предмети или 64,3%,
- Ги укинал одлуките по 4 предмети или 28,6%.
- Ја преиначил одлуката по 1 предмет или 7,1%.

Во споредба со претходната година, обжалени - вратени се 5 предмети помалку. А процентот на укинатите одлуки е намален за 3%.

## Оставински предмети

По вкупно решените 282 оставински предмети нема изјавено жалби на донесените решенија.

## Извршни редмети

Од вкупно решените 4.183 предмети, обжалени-вратени од второстепениот суд се 95 предмети или 2,3%.

Второстепениот суд ги донел следниве одлуки:

- Ги потврдил одлуките во 67 предмети или 70,5%.
- Ги укинал одлуките по 28 предмети или 29,5%.
- Преиначени одлуки нема.

Во споредба со претходната година обжалени-вратени се 26 предмети помалку, а процентот на укинатите одлуки е зголемен за 5,6% .

# В.КВАЛИТЕТ НА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ

**ВД Претседател на судот, судија М-р. Лазар Нанев**

Од вкупно решените 76 истражни предмети обжалени се 15 решенија за спроведување на истрага и 2 решенија за определување на притвор, што претставува 22,36%. Притоа кривичниот совет сите жалби ги одбил.

Во три предмети изјавил неслагање со барањето за спроведување на истрага, при што Кривичниот совет во сите три предмети го прифатил изјавеното неслагање.

Од решените кривични 32 предмети против малолетни лица не е обжален ниту еден.

Од решените 239 извршни предмети обжалени-вратени од второстепениот суд се 12 предмети или 5% .

Второстепениот суд по 11предмети или 91,7 % ги потврдил одлуките а по 1 предмет или 8,3% ја укинал одлуката.

Во однос на претходната година бројот на обжалени и вратени предмети е намален за 42 а процентот на укинатите одлуки е намален за 17,6%.

**Виолета Димитрова-судија,**

Од вкупно решените 118 кривични предмети против полнолетни лица, обжалени се 38 или 32,2%.

Второстепениот суд по овие жалби ги донел следниве одлуки:

- Потврдени се одлуките по 35 предмети или 92,1%.
- Укинати се одлуките по 2 предмета или 5,3%,
- Преиначена е одлуката по 1 предмет или 2,6%.

Во споредба со минатата година, обжален- вратен е 1 предмет повеќе, а процентот на укинатите одлуки е намален за 2,8%.

Од вкупно решените 566 прекршочен предмет обжалени вратени од второстепениот суд се 43 предмети или 7,6%. Второстепениот суд по 21 предмет или 48,8 % ги потврдил одлуките, по 6 предмета или 14% ги укинал и по 16 предмети или 37,2 % ги преиначил одлуките.

Во споредба со минатата година обжалени-вратени се 3 прекршочни предмети помалку, а процентот на укинати одлуки е зголемен за 1%.

**Стојан Бојков-судија**

Од вкупно решените 115 кривични предмети против полнолетни лица обжалени-вратени од второстепениот суд се 35 или 30,4%.

Од овие предмети, второстепениот суд по 26 предмети ја потврдил првостепената одлука или 74,3%, по 8 предмети или 22,9% ја укинал првостепената одлука , а по 1предмет или 2,9 % ја преиначил одлуката.

Во споредба со претходната година, обжалени-вратени се 16 предмети помалку, а и процентот на укинатите одлуки е зголемен за 7.2%.

Од решените 542 прекршочни предмети обжалени вратени од второстепениот суд се 27 предмети или 5%. По 14 предмети одлуката е потврдена или 51,9%, по 5 предмети одлуките се укинати или 18,5%, а по 8 предмети одлуките се преиначени од страна на второстепениот суд што изнесува 29,6%.

Во споредба со претходната година обжалени и вратени се 12 предмети помалку и процентот на укинатите предмети е намален за 4,5%.

**Николина Давчева-судија**

Од вкупно решените 1.722 прекршочни предмети, обжалени-вратени од второстепениот суд се 88 предмети или 5,1%.

Второстепениот суд ги донел следниве одлуки:

- Ги потврдил одлуките по 66 предмети, или 75%,

- Ги укинал одлуките по 8 предмети  или 9,1%,

- Ги преправил одлуките по 14  предмети или 15,9%.

Во споредба со минатата година, обжалени-вратени  се 18  предмети помалку, а процентот на укинатите предмети е зголемен за 5,3%.

**Мирјанка Томиќ-судија**

Од вкупно решените 1.710  прекршочни предмети, обжалени-вратени од второстепениот суд се 126 предмети или  7,4 %.

При тоа второстепениот суд:

- Ги потврдил одлуките по 101 предмет  или 80,2%,

- Ги укинал одлуките по 14  предмети или 11,1%,

- Ги преиначил  одлуките по 11   предмети или  8,7%.

Во споредба со претходната година, обжалени-вратени се 37 предмети помалку, а процентот на укинатите одлуки е зголемен  за  2,5%.

Од жалбена постапка е вратен и 1 кривичен предмет против полнолетни лица и  по  истиот одлуката е потврдена.

**Лидија Ридова  -  судија**

Од вкупно решените 1.319  прекршочни предмети, обжалени-вратени од второстепениот суд  се 30  предмети или  2,3%.

Второстепениот суд ги донел следниве одлуки:

- Ги потврдил одлуките по 26  предмети,  или  86,7%,

- Ги укинал одлуките по 4 предмети  или 13,3%,

- Преиначени одлуки нема.

Решила 1 кривичен предмет против полнолетни лица и по истиот одлуката во жалбена постапка е потврдена.

**Елизабета Петковска-судија**

Во текот на 2005 година од вкупно решените 385 стечајни предмети нама обжалани одлуки.

Од вкупно решените 132 извршени предмети обжалан-вратен е 1 предмет и по истиот одлуката е потврдена.

Од жалбена постапка вратен е 1 прекршочен предмет и по истиот одлуката е потврдена.

Од жалбена постапка вратени се 3 процесни предмети и по истите одлуките се потврдени, исто така вратен е и 1 стопански предмет и по истиот одлуката е укината.

**Драгица Митрева-судија**

Од решените 65 процесни предмети, од второстепениот суд обжалени-вратени се 26 предмети или 40%.

Второстепениот суд по овие предмети ги донел следниве одлуки:

- Ги потврдил одлуките по 16 предмети или 61,5%,
- Ги укинал одлуките по 6 предмети или 23,1%,
- Ги преиначил одлуките по 4 предмети или 15,4%.

Во споредба со претходната година, обжалени-вратени се 17 предмети повеќе , а процентот на укинатите одлуки е зголемен за 0,9%.

Од вкупно решените 58 стопански спорови, обжалени-вратени се 25 или 43,1%, при што второстепениот суд :

- Ги потврдил одлуките по 19 предмети или 76%,
- Ги укинал одлуките по 6 предмети или 24%.
- Преиначени одлуки нема.

Во споредба со претходната година, обжалени - вратени се 12 предмети помалку а процентот на укинатите одлуки е намален за 8,4%.

Од решените 384 прекршочни предмети обжалени-вратени се 27 предмети или 7%.

Притоа второстепениот суд ги потврдил одлуките по 21 предмети или 77,8%, ги укинал одлуките по 4 предмети или 14,8% и ги преиначил одлуките по 2 предмети или 7,4%.

Во споредба на претходната година обжалени вратени се 27 предмети помалку а процентот на укинати предмети е зголемен за 1,8%.

**Нада Белевска-судија**

Од вкупно решените 74 процесни предмети, обжалени-вратени од второстепениот суд се 53 или 71,6%.

Постапувајќи по жалбите, второстепениот суд:

- Ги потврдил одлуките по 30 предмети или 56,6%,
- Ги укинал одлуките по 21 предмети или 39,6 %,
- Ги преиначил по 2 предмети или 3,8%.

Во споредба со претходната година, обжалени-вратени се 14 предмети повеќе а процентот на укинатите предмети е зголемен за 21,7%.

Од вкупно решените 17 стопански предмети, обжалени-вратени од второстепениот суд се 6 или 35,3%.

Постапувајќи по жалбите, второстепениот суд:

- Ги потврдил одлуките по 4 предмети или 66,7%,
- Ги укинал одлуките по 2 предмети или 33,3 %,
- Преиначени одлуки нема.

Од решените 3 Вонпроцесни предмети обжалена-вратена е одлуката по 1 предмет и истата е потврдена.

Од решените 732 прекршочни предмети обжалени вратени се 48 или 6,6%, при што второстепениот суд во 33 предмети или 68,8% ја потврдил одлуката, во 6 предмети одлуката е укината или 12,5% и во 9 предмети или 18,8% одлуката е преиначена.

Во споредба со претходната година обжалени вратени се 41 предмет повеќе а процентот на укинатите е зголемен за 12,5%.

**Трајана Дуброва-судија**

Од вкупно решените 71 процесни предмети, обжалени-вратени од второстепениот суд се 47 или 66,2%.

Второстепениот суд по 28 предмети, или 59,6% одлуките ги потврдил, ги укинал одлуките по 18 предмети или 38,3%, ја преиначил одлуката по 1 предмет или 2,1%.

Во споредба со претходната година, обжалени-вратени се 17 предмети повеќе, а процентот на укинатите одлуки е зголемен за 1,6% .

Од вкупно решените 91 стопански предмети, обжалени-вратени се 34 предмети или 37,4%.

Второстепениот суд постапувајќи по поднесените жалби по 26 предмети или 76,5% ги потврдил одлуките, ги укинал одлуките по 8 предмети или 23,5%.

Во споредба со претходната година обжалени се 16 предмети помалку а процентот на укинатите одлуки е намален за 2,5 %.

Од решените 68 прекршочни предмети обжалени-вратени се од второстепениот суд 31 предмети или 45,6%. Второстепениот суд по 22 предмети или 71,0% ги потврдил одлуките, по 2 предмети или 6,5% ги укинал одлуките и во 7 предмети или 22,6% ги преиначил одлуките.

Во споредба со минатата година обжалени-вратени предмети се 3 предмети помалку, а процентот на укинатите предмети е за 17 % намален.

Од решените 7 Вонпроцесни предмети обжалена-вратена е одлуката по 1 предмет и истата е преиначена.

**Милан Николов-судија**

Од вкупно решените 116 процесни предмети, обжалени-вратени од второстепениот суд се 95 или 81,9 %.

Второстепениот суд ги донел следниве одлуки:

- Ги потврдил одлуките по 30 предмети или 31,6 %,

- Ги укинал одлуките по 61 предмети или 64,2%,

- Ги преиначил одлуките по 4 предмети или 4,2%.

Во споредба со претходната година обжалени-вратени се 8 предмети повеќе , а процентот на укинатите одлуки е зголемен за 12,5%.

Од решените 8 предмети по стопански спорови нема обжалани-вратени одлуки.

Од решените 22 прекршочни предмети обжалени-вратени се 2 предмети или 9,1%. При што во 1 предмет одлуката е потврдена а во 1 предмет одлуката е укината.

**Нада Пендева-судија**

Од решените 71 процесни предмети, обжалени-вратени од второстепениот суд се 28 или 39,4%.

Второстепениот суд ја потврдил одлуката по 17 предмети или 60,7%, ја укинал одлуката по 10 предмет или 35,7% и по 1 предмет ја преиначил одлуката или 3,6%.

Во споредба со претходниот извештаен период обжалени-вратени се 2 предмети помалку, а процентот на укинатите предмети е намален за 1%.

Од вкупно решените 83 стопански спорови , обжалени -вратени од второстепениот суд се 23 предмети или 27,7%.

По 13 предмети второстепениот суд ја потврдил одлуката што претставува 56,5%, а ја укинал одлуката по 10 предмети или 43,5%,

Во споредба со претходната година овој судија обжалени-вратени предмети по стопански спорови има 27 предмети помалку, а процентот на укинатите предмети е зголемен за 9,5%.

Од решените 72 прекршочни предмети обжалени-вратени се 26 или 36,1%. Потврдени се одлуките по 17 предмет или 65,4%, укинати се одлуките по 7 предмети или 26,9%и преправени се одлуките по 2 предмети или 7,7%.

Во споредба со претходната година овој судија има обжалени-вратени 8 предмети помалку, а процентот на укинатите предемети е за 2,5% помал од претходната година.

**Лилјана Ситниковска-судија**

Од решените 140 процесни предмети обжалени-вратени од второстепениот суд се 64 предмети или 45,7%.

Второстепениот суд ги потврдил одлуките по 44 предмети или 68,8%,а ги укинал одлуките по 20 предмети или 31,3%, преиначени одлуки нема.

Во споредба со претходната година обжалени вратени процесни предмети се 28 предмети повеќе, а процентот на укинати предмети е зголемен за 3,5%.

Од вкупно решените 40 прекршочни предмети обжалени-вратени се 6 предмети или 15% при што второстепениот суд ги потврдил одлуките по 4 предмети или 66,7%, ја укинал одлукита по 1 предмет или 16,7% и ја преиначил одлуката по 1 предмет или 16,7%.

**Љубинка Костадинова-судија**

Од вкупно решените 161 процесни предмети, обжалени-вратени од второстепениот суд се 58 предмети или 36%, при што второстепениот суд по 45 предмети или 77,6% одлуката ја потврдил, по 10предмети или 17,2% одлуката ја укинал а по 3 предмети или 5,2% ја преиначил одлуката.

Во споредба со претходната година вратени се 17 предмети помалку а процентот на укинатите одлуки е намален за 1,5%.

Од решените 9 прекршочни предмети обжалени-вратени се 2 предмети или 22,2%. Второстепениот суд по 1 предмети или 50% ја потврдил одлуката, а по 1 предмети или 50% ја преиначил одлуката.

**Ленче Делипетрова Атанасовска-судија**

Од вкупно решените 60 вонпроцесни предмети обжалени-вратени од второстепениот суд се 12 предмета или 20%. Од кои 8 или 66,7 % се потврдени а по 4 предмети одлуките се укинати или 33,3%, преиначени одлуки нема.

Во споредба со претходната година обжалени вратени од второстепениот суд се 6 предмети помалку а процентот на укинати одлуки е зголемен за 5,5%.

По решените 277 оставински предмети, нема обжалени одлуки.

Од решените 128 прекршочни предмети обжалени вратени се 7 предмет или 5,5%. Притоа второстепениот суд ги потврдил одлуките по сите 7 предмети или 100%,

Во споредба со минатата година обжалани-вратени се 14 предмети помалку.

**Ристо Петков - судија**

Од решените 1.892 извршни предмети обжалени-вратени од второстепениот суд се 48 предмети или 2,5%. По овие предмети второстепениот суд ги донел следниве одлуки:

- Ги потврдил одлуките по 27 предмети или 56,3%.
- Ги укинал одлуките по 21предмети или 43,8%.
- Преиначени одлуки нема.

Во споредба со минатата година обжалени-вратени се 19 предмети помалку, а процентот на укинатите предмети е зголемен за 21,4%.

**Зоран Јосифовски - судија**

Од решените 1.564 извршни предмети обжалени-вратени од второстепениот суд се 34 предмети или 2,2%. По овие предмети второстепениот суд ги донел следниве одлуки:

- Ги потврдил одлуките по 28 предмети или 82,4%.
- Ги укинал одлуките по 6 предмети или 17,6%.
- Преиначени одлуки нема.

Од решените 2 кривични предмети против полнолетни лица обжален-вратен е 1 предмет и по истиот второстепениот суд одлуката ја потврдил.

## ВИ. КАДРОВСКА СОСТОЈБА, МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА И ПРОСТОРНИ УСЛОВИ

Извештајната година Основниот суд Кавадарци, ја започна со 16 судии, што е за 2 помалку од бројот утврден со одлуката на Собранието на Република Македонија. На 15.02.2005 година на функцијата судии на Основниот суд Кавадарци, беа избрани судиите Зоран Јосифовски и Лидија Ридова. Од овие причини на почетокот на 2005 година Основниот суд Кавадарци, работите од својата надлежност ги извршуваше со 16 судии и тоа Претседателот на судот и 15 судии и спрема овој број беше димензиониран годишниот распоред за работа, а со изборот на новите судии и целосната пополнетост на судискиот состав, веднаш беше извршено изменување и дополнување на распоредот за работа на претседателот на судот и останатите судии, во кој беа вклучени и новоизбраните судии.

Во поглед на стручниот кадар, извештајната година Основниот суд Кавадарци ја започна само со двајца судски советници кои имаа засновано работен однос на неопределено време, поради тоа што на 15.10.2004 година, на шест стручни соработници и исто толку судски приправници им престана работниот однос поради протекот на времето за кое беа примени.

Со тоа согласно Правилникот за систематизација на работите и работните места, останаа непополнети девет работни места за стручни соработници, четири за судски приправници, едно работно место за самостоен судски советник, а со изборот на Зоран Јосифовски и Лидија Ридова за судии и уште по едно работно место секретар на судот и судски советник. Сепак во првото тромесечје од 2005 година беше добиена согласност за прием на 5 стручни соработници, а подоцна и за избор на секретар на судот и 1 судски советник. По спроведената постапка,на 24.06. 2005.година беа избрани 5-те стручни соработници, а на 30.09.2005. година, секретарот на судот и судскиот советник.

И во 2005 година, од страна на Министерството за финансии на Република Македонија не е добиено одобрение за прием на државен службеник со звање Советник, за работно место информатичар, што во значителна мера го отежнува профункционирањето и ставањето во полна употреба на информационата опрема која што е инсталирана во Основниот суд Кавадарци. Во 2005 година ова прашање уште повеќе е изострено со оглед на веќе амортизираните компјутерски единици.

Во текот на 2005 година дојде до понатамошно влошување на кадровската состојба кај стручно-административните државни службеници.

Не само што не се добија одобренија за потполнување работните места според систематизацијата и подобрување на кадровската структура на судската администрација и техничкиот и помошниот персонал, кој го следат работењето на судот и се во непосредна врска со квалитетното извршување на судиската функција, туку од 25.08.1005. година остана уште едно непополнето работно место, кое се испразни со заминување на државниот службеник со звање виш референт во старосна пензија, а кој ги извршуваше работите и работните задачи на работно место извршител во извршен отсек, па така практично судот остана да работи без извршител.

Не се пополнети десет работни места од стручно-административните државни службеници и тоа: еден водител на граѓански отсек, четворица извршители во извршен отсек, тројца технички секретари на судија и двајца судски доставувачи.

Во текот на 2005 година беше поднесено барање за одобрување на финансиски средства за потполнување на едно работно место извршител во извршен отсек, но и овој пат од страна на Министерството за финансии на

Република Македонија не е добиен никаков одговор, иако од Агенцијата за државни службеници е добиено позитивно мислење за усогласеност на барањето со Правилникот за систематизацијата.

Заради справување со ваквата неповолна кадровска состојба судот и во 2005 година ангажираше волонтери и тоа еден стручен соработник, тројца технички секретари на судии, двајца доставувачи, шест судски извршители, еден хигиеничар и еден архивар, со цел да се овозможи минимум функционирање на судот, посебно на извршната служба и непречено работење на судиите кои што немаат свои технички секретари.

Исто така стручните соработници и судски приправници на кои им престана работниот однос, извесен период на почетокот на 2005 година, продолжија со волонтерско ангажирање на своите работи и работни задачи.

На 17.11.2005 година му престана работниот однос и на еден припадник на судската полиција поради откажување од договорот за вработување, со што обезбедувањето на објектот, имотот, лицата и одржувањето на редот во судот се вршеше со 5 припадници на судската полиција. За ова веднаш беше известено Министерството за правда заради пополнување на трите упразнети места на судската полиција и во тек е постпака за преземање на лица од Министерството за одбрана.

Во 2005 година дојде до натамошно влошување на материјално финансиската состојба во судот. На почетокот на 2005 година Основниот суд Кавадарци влезе со вкупни долгувања од 5.343.441,оо денар. Со оглед на тоа што Буџетот за 2005 година не беше прилагоден кон реалните потреби за финансирање на судот, а не дојде ни до намирување на заостанатите обврски преку ребаланс на буџетот, се случи константно зголемување на неплатените обврски на судот кон добавувачите, па така на 31.12.2005 година вкупните обврски достигнаа 4.710.740,оо денари, кое намалување се должи на фактот што преку судскиот буџетски совет, по пат на цесија беа измирени дел од обврските кон Бирото за судски вештачења во износ од 890.500,оо.

Неизмирените обврски на крајот на 2005 година по расходни ставки се следните:

| |
|---|
| 420 - Патни и дневни расходи<br><br>П*атување - сместување*<br>8.810,оо |

| |
|---|
| 421 - Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт<br><br>*Електродистрибуција*<br>40.500,оо<br>*Водовод и канализација*<br>94.013,оо<br>*Течни горива*<br>251.004,оо<br>*Горива и масла*<br>138.405,оо<br>*Пошта*<br>674.914.оо<br>*Телефон*<br>673.489,оо<br>*Регистрација*<br>8.365,оо |
| 423 - Ситен инвентар алати и други материјали<br><br>*Канцелариски материјал*<br>1.133.274,оо<br>*Матаеријали за АОП*<br>11.800,оо<br>*Списанија и весници*<br>28.843,оо |
| 424 - Поправка и тековно одржување<br><br>*Поправка и одржување на опрема*<br>142.057,оо |
| 425 - Договорни услуги<br><br>*Осигурување на недвижности*<br>135.442,оо<br>*Судски вештачења* 134.724,оо |

Практично со годишниот буџет се одобрени 4.282.965,оо денари и тоа преку сметката 603-за намирување на материјалните трошоци, 3.624.965,оо денари и преку сметката 631-сопствени приходи, 658.000,оо денари и тој износ овозможува нормално финансирање на активностите на судот за период од неполни шест месеци. Согласно извршените пресметки за едно месечно нормално работење на судот со етапно измирување на втасаните обврски потребни се околу 749.476,оо денари, а додека од Буџетот месечно се алиментира износ од 356.914,оо денари.

За надминување на ваквата состојба се превземени и сите мерки на штедење, со цел да се намалат трошоците по сите основи (зголемување на подрачјето на кои доставата ја вршат судските доставувачи, заради намалување на поштенските трошоци, исклучување на телефонскиот сообраќај кон мобилни телефони, ригорозно контролирање на трошењето на канцеларискиот материјал и тонерите за принтерите). Секое понатамошно намалување на набавките би го довело во прашање нормалното работење на судот.

Ситуацијата уште повеќе ја отежнува и фактот што во текот на 2005 година од сметката на судот врз основа на решенија за извршување по разни основи присилно се наплатени 152.307,оо денари. Исто така од страна на Македонски пошти е поднесена тужба за наплата на долг од 1.235.100,оо денари, а има најави за поднесување на тужби од други добавувачи што може да доведе до целосно блокирање на сметката на судот.

Во текот на 2005 година, поточно од месец Јуни, дојде до промени во платите на судиите во смисла на нивно зголемување, а со понатамошната применета на одредбите на Законот за државни службеници, во делот кој се однесуваат на платите и надоместоците, продолжи сукцесивното зголемување на платите на државните службеници. Со овој процес на таканаречена декомпресија на платите дојде до изедначување на платите на сите државни службеници со исти звања во Република Македонија, со тоа што зголемувањето на платите ќе се одвива во 24 месечни рати и ќе заврши на 31Март 2006 година кога сите државни службеници ќе примаат плата согласно вредноста на бодот утврден од страна на Владата на Република Македонија.

Во 2005 година не дојде до подобрување на просторните услови за работа во Основниот суд Кавадарци. Понудениот проект за реконструкција на судската зграда и помошните објекти (ограда, гаражи и котлара), повторно не влезе во Програмата за инвестиции во судството, така што и понатаму најголемиот дел од судската администрација ќе продолжи да работи во исклучително тешки услови, во простории кои се наоѓаат во подрумскиот дел од зградата и кои се изложени на влага и недоволно осветлени. На крајот на извештајната година се започна со подготвување на посебна просторија за чување на архивската граѓа која е со определен рок на чување, со што во судската зграда ке се обезбеди уште една просторија за сместување на дел од судската управа.

Во 2005 година немаше позначајно опремување на Основниот суд Кавадарци со информациска опрема и мебел.

## ВИИ. ОЦЕНКА ЗА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА ВО ТЕКОТ НА 2005 ГОДИНА СО ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТАТА ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД

Во текот на 2005 година, на седницата на судиите на Основниот суд Кавадарци, постојано се следеше вкупното работење на Основниот суд Кавадарци, се разгледуваа пројавените проблеми во работењето на Судот како целина и во подделните отсеци, со утврдување на предлози и решенија за надминување на состојбите. Се вршеше постојано следење на приливот на предмети по оддели и отсеци, како и обемот на ангажираноста на секој судија, при што на времено се интервенираше во случај на зголемен обем на работа по вид на предмети.

Меѓутоа, исто како и претходната и во 2005 година дојде до зголемување на заостатокот на нерешените предмети. Причините за зголемувањето на бројот на нерешените предмети лежи пред се во големиот број на нерешени предмети со кои започна извештајната година и приближно, истиот број примени предмети во оваа, споредено со претходната година.

- Имено на почетокот на 2005 година имаше нерешени вкупно 18.800 предмети наспроти 9.598 предмети на почетокот на 2004, или оваа извештајна година е започната со 9.202 предмети повеќе, во кој пак број најголемо учество имаат и тоа: извршните со 9.414 предмети, кои се за 6.424 повеќе од 2004 година и 6.766 предмети за извршување на прекршочните санкции, кои се за 2.978, повеќе отколку претходниот извештаен период. Што значи во кривичниот оддел позначајно е зголемувањето на бројот на нерешени предмети за извршување на прекршочните предмети и тоа за 2.978 предмети, а во граѓанскиот оддел во извршните предмети за 6.424 предмети како е погоре означено, при што и во двата случаи од причини образложени во извештајот за 2004 година.

- Новопримени во 2005 година се вкупно 25.079 предмети или 2.349. предмети помалку се примени во споредба со 2004 година.

Во кривичниот оддел позначајно зголемување на приливот во однос на 2004 година имаше во прекршочните предмети, па така оваа извештајна година се примени 6.872 предмети или 489 предмети повеќе, иако во сите области од кривичниот оддел бројот на новопримените предмети е 13.912, или за 239 предмети помалку во споредба со 2004 година.

Најголемиот дел од новопримените предмети како и претходната, така и во 2005 година се извршни предмети со 7.855 предмети, што сепак е за 2.303 предмети помалку од претходната година, што всушност е показател дека тие имаат доминантна улога во вкупниот број новопримени предмети при компарирањето со претходната извештајна година.

Најголемиот дел од извршните предмети примени во 2005 година се по предлози за извршување поднесени од ЈВП "Тиквешко поле" во ликвидација Кавадарци со 1.876 предмети, но и од другите Јавни претпријатија како што се "Електростопанство на Македонија", подружница Електродистрибуција Кавадарци со 2.988 предмети, ЈП "Комуналец" – Кавадарци со 450 предмети и од "Македонски телекомуникации" со 1.479 предмети. И оваа година поради големиот прилив на предмети непостоеше можност истиот да биде совладан и да се решат сите примени предмети. Во граѓанскиот оддел во текот на 2005 година се примени вкупно 11.167 предмети, наспроти 13.277 во текот на 2004 година, или за 2.110 предмети помалку. Во овој оддел зголемен е приливот во однос на претходната година во граѓанските парници, разните граѓански предмети, вонпроцесните и оставинските, од извршните само стопанските и кај заверките..

Приливот на предмети за извршување на прекршочни санкции и оваа година е доста голем и тоа се должи на совладувањето на зголемениот прилив на прекршочни предмети претходните и оваа година, а кои по нивната правосилност и извршност се јавуваат како прилив кај предметите за извршувањето на санкциите. И во оваа област не постојат објективни можности за совладување на вака зголемениот прилив и спроведување на извршувањето по сите предмети.

- Вкупно во 2005 година имало во работа 43.879 предмети, што е за 6.853 предмети поголем обем на работа во однос на 2004 година. При тоа во кривичниот оддел вкупниот број на предмети во работа е зголемен за 2.294 предмети, а во граѓанскиот за 4.559 предмети, споредено со претходната 2004 година, на што најмногу се должи заостатокот на нерешени предмети на почетокот на извештајната година, конкретно заостатокот на нерешените предмети за извршување на прекршочните санкции во кривичниот оддел, односно заостатокот на нерешените извршни предмети во граѓанскиот оддел .

- Во извештајната година се решени вкупно 20.728 предмети, наспроти 18.226 во 2004 година, што е за 2.502 предмети повеќе, или по

оддели: во кривичниот, вкупно се решени 1.581 предмет повеќе, а во граѓанскиот за 921 предмет повеќе. По области, во кривичниот оддел се решени повеќе истражни дејствија,прекршочни предмети и предмети за извршување на прекршочни санкции, додека во граѓанскиот оддел, повеќе во однос на претходната година се решени граѓански предмети, стечаи, разни граѓански предмети, вонпроцесни, општи извршни прердмети и се извршени повеќе заверки, а во останатите области од двата оддели е намален бројот на решени предмети споредбено со 2004 година. Во зголемениот број на решени предмети сопствено влијание има и изборот на двајцата судии на почетокот на 2005 година и се разбира изборот и приемот на стручните државни службеници.

- Заради огромниот број на предмети во работа, извештајната 2005 година Основниот суд Кавадарци ја заврши со 23.151 нерешени предмети, што е за 4.351 предмет повеќе во споредба со 2004 година. При тоа и во кривичниот и во граѓанскиот оддел (освен во спорните граѓански предмети) е зголемен бројот на нерешени предмети, па така во кривичниот оддел бројот на нерешени предмети е зголемен за 713 предмети, а во граѓанскиот за 3.638 предмети. Анализирано по области намален е бројот на нерешени предмети во истрага, разните кривични предмети, прекршочните предмети и предметите за извршувањето на кривичните санкции, од кривичниот оддел, додека во граѓанскиот оддел намален е бројот на нерешени стопански предмети, приближно за половина стечајните, разните граѓански предмети и вонпроцесните. Во сите останати области не е совладан приливот на предметите и е зголемен бројот на нерешените предмети во однос на претходната 2004 година.

Во текот на оваа извештајна година, судиите максимално се ангажираа во остварувањето на судиската функција и подобрувањето на резултатите во работењето. Покрај задоволителниот обем на работа, треба да се истакне дека и во поглед на квалитетот на работата се остварени солидни резултати. Подобрување на квалитетот на работата е постигнат кај кривичните предмети и тоа за 0,8%, кај вонпроцесните предмети за 3% за колку е зголемен процентот на потврдените одлуки. Извесно занемарливо намалување на квалитетот на работата има во сите останати области.

И во оваа извештајна година посебен приоритет се даде на решавањето на старите предмети, при што во текот на 2005 година, се решени 582 стари предмети што претставува 56,83% од вкупниот број 1.606 стари нерешени предмети евидентирани на почетокот на извештајната година. Оттаму судот годината ја заврши со 1.024 стари предмети што е за 106 помалку во однос на претходната година, иако бројот на решените

стари предмети во текот на 2005 година е помал за 63 предмети во однос на 2004.

Со тоа се исполнети и поединечните планови на судиите кои имаа во работа стари предмети, изготвени на почетокот на годината, согласно упатствата од Апелациониот суд Скопје.

Во 2005 година со оглед на намалениот прилив на предмети во одделни области на еден дел од судиите во работа им беа доделени предмети од различни области, се со цел што поуспешно и понавремено да биде совладан приливот на предмети, но при тоа и на секој судија да му се обезбеди доволен обем на предмети во работа кој ќе овозможи остварување на ориентационата норма, што се постигнуваше со благовремено интервенирање во годишниот распоред за работа на претседателот на судот и останатите судии.

Сите судии во Основниот суд Кавадарци, покажаа особен интерес за свое стручно усовршување што се огледаше и низ нивното учество на голем број семинари и советувања, особено на оние на кои беа обработувани теми за примената на ново донесените законски прописи, конкретно подготвувањето со примената на Законот за парничната постапка, предлог текстот на новиот Закон за стечај, како и оние на кои се обработуваше примената на меѓународните конвенции и договори во домашната судска практика.

Позитивно влијание на ваквите резултати од работењето на Судот, во секој случај имаше и ангажираноста на судските советници и стручните соработници, од кои поголем број беа активно вклучени во работата и тоа со судиите и по одделите согласно годишниот распоред за работа, со денот на заснавањето на работниот однос, 15.08.2005. За своето работење и работна ангажираност истите изготвуваат месечни извештаи за работата.

Работниот ангажман на стручниот кадар несомнено доведе до подобрување на работата на судот и во поглед на ажурноста и во поглед на квалитетот, кое произлегува од фактот дека оваа извештајна година се решени 2.502 предмети повеќе иако реално не е совладан приливот, што ја наметнува потребата од пополнување и на преостанатите упразнети места на стручни државни службеници и тоа во број како што е предвидено со Правилникот за систематизација на работните места во Основниот суд Кавадарци.

Мора да се истакне дека во 2005 година преку проектот за модернизација во судството финансиран од УСАИД, беа спроведени и две обуки и тоа во месец април и ноември за дел од стручно-административните работници, заради подигање на степенот на нивното

знаење од областа во која работат и унифицирање на работата на судската управа и услугите кои ги даваат на граѓаните. Исто така преку Здружението на судии на РМ беа организирани два семинари за сите државни службеници. Првиот семинар на тема "Односи со странките и етика на судската администрација" одржан во месец септември и вториот во месец декември на тема " Безбедноста во судот".

Компјутеризацијата исто така позитивно влијае врз поуспешното функционирање на Основниот суд Кавадарци. Целокупната донесена и инсталирана информатичка опрема активно се користи, со исклучок на апликациите на судскиот информационен систем. Сите вработени веќе успешно ги совладаа основните познавања од работа со компјутерите и печатачите што овозможува поуспешно и поефикасно работење. Особено треба да се нагласи потребата од дополнителен број компјутери и печатачи, за што се зголеми потребата по приемот на неопределено време на 5 стручни соработници и уште 1 судски советник, како и од постојано вработување на лице - информатичар кој би го обезбедувал и одржувал непреченото функционирање на компјутерската опрема, за која цел моментално е ангажирано лице по договор за дело.

Извештајната година беше одбележана со издавањето од страна на судијата м-р Лазар Нанев на монографијата "60 години Основен суд Кавадарци" и јавната презентација на годишниот извештај на судот за 2004 година, која се случи на денот на правосудството. Од месец јуни 2005 година, за прв пат во Република Македонија, со финансиска помош на мисијата на ОБСЕ во Скопје, во судот се инсталирани 5 монитори, како дел од проектот за отвореноста на судот кон јавноста, а е креирана и сопствена веб страна..

Со оглед на сето наведено, како и од детално изложените и анализирани резултати може да се заклучи дека како и во изминатите неколку години и во текот на 2005 година, Основниот суд Кавадарци постигна добри резултати во работата, што ќе биде заложба и настојување и за наредниот период. Сметаме дека за постигнување на уште подобри резултати потребно е:

- Понатамошна специјализација на судиите по области, со што би се постигнал повисок степен на нивна стручност при постапувањето на предметите по одделна материја, а што ќе биде и заложба при донесувањето на распоредот за работа на Претседателот и судиите во 2006 година.

- Во рамките на материјално-финансиските можности на државата преку Владата, ресорното министерство и повисоките судски инстанци да се преземат активности насочени кон потполнување на

упразнетите места според систематизацијата со стручен и административно - технички кадар. Во оваа смисла би било потребно да се најде начин за трајно пополнување на преостанатите работните места на стручните државни службеници: стручни соработници и судски приправници. Исто така потребно е во најкраток можен рок да бидат пополнети и работните места технички секретар на судија (дактилографи), судски доставувачи, судски извршители и хигиеничар, а за кои во овој момент Судот ангажира лица волонтери. Исто така, заради успешното функционирање на компјутерскиот информационен систем неопходно е најитно да биде извршен и преимот на државниот службеник, Информатичар кое работно место исто така е предиведено со ситематизацијата на работните места во Основниот суд Кавадарци.

- Диминзионирање на буџетот на Основниот суд Кавадарци според неговите вистински потреби, при што особено треба да се има предвид крајно изостреniот проблем на навремената исплата на обврските кон неколку добавувачи заради одржување на виталните функции на судот, како и исплата на надоместоците и наградите на вештите лица, особено кон институтциите кои вршат судски вештачења (Институтот за судска медицина и криминалистика, Невропсихијатриските институции и другите медицински установи, Бирото за судски вештачења), што е предуслов за навременото и квалитетно решавање на предметите во сите оддели.
- Континуирана едукација на судиите и на стручните државни службеници, како и следење на сите промени на позитивните правни прописи преку одржување на семинари, советувања, но и разгледување на одредени правни прашања и завземање на правни мислења и донесување заклучоци на седниците на судските оддели.

- Продолжување и подобрување на соработката со другите Основни судови, со повисоките судски инстанци, како и со другите државни институции со кои судот соработува.

- Во рамките на материјално финансиските можности на државата, изнаоѓање на решенија за подобрување на просторните услови за работа, преку реконструкција и надградба на судската зграда со ориентациона пресметка за цената на чинењето на ваквиот зафат во износ од 145.860 ЕУР. Исто така Основниот суд Кавадарци аплицираше во Програмата за инвестиции во судството и со проект за партерно уредување на просторот околу судската зграда за што се потребни 227.780,оо денари, како и со барање за извршување на молеро-фарбарски работи во судската зграда во износ од 350.035,о деанари.

## ВИИИ. ЗАВРШНА ОЦЕНА ЗА ЕФИКАСНОСТА И АЖУРНОСТА НА РАБОТАТА НА ОСНОВНИОТ СУД КАВАДАРЦИ И НА СУДИИТЕ ПООДЕЛНО ВО 2005 ГОДИНА

Во 2005 година најголемиот број на судии во Основниот суд Кавадарци оствариja резултати кои значат ефикасно работење, како во поглед на остварувањето на ориентационата норма, така и во поглед на квалитетот на работењето.

Судиите во Основниот суд Кавадарци, во 2005 година во целост беа посветени кон остварувањето на ориентационата норма, како приоритет од нивната агенда на активности со цел да се создадат основи за ефикасност и ажурност во нивното постапување како предуслов за востановување на ефикасна судска политика.

Воспоставените критериуми за евалуација и мониторинг на квантитетот и квалитетот на работата на секој судија беа предодредени од севкупните услови на функционирањето на судскиот систем.

Исправени пред значителни барања за сообразување кон новите правни институти кои произлегуваат од суштествените промени во судскиот

систем, продуцираа континуитет на константност и тренд на подобрување на квалитетот и квантитетот на работа .

Со оглед на тоа што процесот на сообразување се одвива напоредно со процесот на позиционирање на судската влас, како дел од внатрешните длабоки институционални промени неминовно е да таквите реални околности резултираа со нараснати предизвици кои се поставуваа пред судиите во Основниот суд Кавадарци, во делот на остварувањето на неговите клучни функции, во заштитата на правата и слободите на граѓаните и гарантирање на владеење на правото, а во исто време се одразија и на квалитетот на работата.

Од тој аспект, во делот на ажурноста и ефикасноста на работата на судиите забележителен е моделот на развивање на нови стандарди во сферата на ефикасна правда и ажурност во постапувањето.

И покрај константното ниво на квалитет и кванитет кај пооделни судии, водечката идеја во 2005 година беше да се дефинираат и потврдат постојните насоки за развој и работа на секој судија поединечно, како и да им се помогне во исполнувањето на ориентационата норма како обврска од судската функција во процесот на нивната подготовка од прифаќање на новите предизвици кои секој судија мора да ги доживее, како процес на лична трансформација во своето однесување од една страна и инкорпорирање на ефективни квалитативни и квантитативни елементи како параметри за подобрување на ефектите и очекуваните резултати од работењето на секој судија од друга страна.

Оттаму, врз основа на воспоставениот концепт, и врз основа на направената евалуација за кванитетот и квалитетот на работа на секој судија, неминовна е потребата од укажување на различноста на моделите во оцената на постапувањето на судиите во парничните предмети и укажување на потребата од барање на нови модули за верификација на оценката за работа со самиот факт што во обаа област судиите не успеваат во целост да одговорат на предизвиците.

Токму поради тоа, се укажува на потребата од разбирање на парничните судии , а истовремено и на потребата од соодветен придонес кон унапредување на компатибилноста на нормите и отстранување на пречките за нормално функционирање на парничните постапки, како би можело успешноста на секој судија да биде истовремена и остварлива.

Имајќи го во предвид наведеното, а исто така, и тоа дека судскиот систем постојано се надградува и усовршува, компарирајќи ги досегашните искуства, во Основниот суд Кавадарци се воспоставени и функционираат елементи на институционални механизми за оцена.

Поради оваа, а врз основа на кванитетот на работа вкупно и поединчено и кавлитетот на работа, неминовно продуцира потреба од трансформација на човечките ресурси, развој на соодветната организациона поставеност и подготвеност за ефективност во работењето, како предуслов за ефикасна реализација на очекуваните резултати кои се бараат од судиите на Основниот суд Кавадарци .Во оваа насока пред се мора да се работи на зајакнување на апсорпциониот капацитет на човечките ресурси, особвено во однос на судската политика и прашањата поврзани за ефикасност и ажурност.

Со оглед на изложеното, Основниот суд Кавадарци влегува во категоријата на судови кои се сметаат за **релативно ефикасни**.

Притоа, треба да се истакне дека ваквата категоризација одговара на севкупниот број на предмети во работа. Со оглед на тоа што од вкупниот број нерешени 23.151 предмет, 21.016 предмети или 90,77%, се предмети за извршување на прекршочните санкции и изврши предмети, јасно е дека во сите останати области, со оглед на бројот на нерешените предмети Основниот суд во Кавадарци би се сметал за апсолутно ефикасен суд, бидејќи заостатоткот во овие области би бил совладан за период до три месеци.

**ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ**
**ВД ПРЕТСЕДАТЕЛ**
***Судија М-р Лазар Нанев***